# Ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија

Годишен извештај 2022 година



МЗМП

# Ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија

Годишен извештај 2022 година

декември 2022 Скопје

**Наслов на публикацијата**
Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија - 2022 година

**Издавач**
Македонско здружение на млади правници МЗМП

**Уредник**
Јасна Оровчанец Аранѓеловиќ

**Лектура**
Весна Костовска

**Ликовно-графичко обликување**
Харис Муриќ

# Содржина


6 Листа на кратенки
8 За извештајот
9 За користената методологија
10 За правната заштита на човековите права во РСМ
12 ДЕЛ 1: ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО 2022 година
12 **ПРАВА ПОВРЗАНИ СО ЖИВОТОТ, ТЕЛОТО И ЛИЧНОСТА**
12 Инкриминација на дела поврзани со родово базирано насилство
13 Постапување на полициски службеници при пријавување сторени кривични дела
13 Нужната одбрана како основ за исклучување на противправноста
14 Потреба од препознавање родово базирано насилство како посебна категорија насилство
15 **ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА И НЕЧОВЕЧКО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ**
15 Недоволни институционални капацитети за борба со тортурата и нехуманиот третман
16 Пријави на лица што се соочиле со тортура и нехуман третман од страна на полициски службеници или припадници на затворската полиција
18 Прекумерна употреба на сила од страна на полициски службеници
19 Состојба и услови во казнено-поправните и воспитно-поправните домови
23 **ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**
25 **ПРАВО НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**
25 Спреченост на лицата бездомници за пристап до социјални услуги
26 Тужба за издршка против близок сродник како услов за остварување гарантирана минимална помош
27 Социјални права на лицата со попреченост
28 **ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**
28 Повреда на правото на здравствена заштита на малолетно лице
29 Отежнато користење здравствени услуги во странство
30 Дискриминација по основ на пол од областа на здравствената заштита
31 Отежнат пристап до болничка терапија на пациентите со малигни и ретки болести
33 Сомнеж за злоупотреби во приватните здравствени установи
35 **ПРИСТАП ДО ПРАВДА**
35 Примена на Законот за бесплатна правна помош
36 Примарна правна помош обезбедена од Македонското здружение на млади правници во 2022 година

38 **ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРИВАТНОСТА**
38 Одлука за утврдување Методологија за хармонизација на секторската легислатива
39 Претставки на граѓаните во врска со заштитата на личните податоци
39 Нарушувања на безбедноста на личните податоци
40 **ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
40 Управување со отпад
41 Справување со контаминирани подрачја
42 Заштита на водите
43 Заштита од аерозагадување
43 Останата законодавна активност во областа на животната средина
44 Недоволни институционални капацитети за заштита на животната средина
44 Судска заштита на животната средина
45 **ПРАВО НА ДРЖАВЈАНСТВО И ПРАВЕН ИДЕНТИТЕТ**
45 Бездржавјанство
46 Пристап на граѓаните до уставно загарантираните права со непоседување лична карта
47 Издавање лична карта за првпат по навршувањето полнолетство
47 Издавање лична карта на лица што живеат во бесправно изградени објекти
48 **ПРАВО НА АЗИЛ И ИНТЕГРАЦИЈА НА БЕГАЛЦИ**
48 Постапка за признавање право на азил
49 Оневозможен пристап до пазарот на труд за барателите на азил
50 Остварување права пред Управата за водење на матичните книги
50 Пречки при остварување на правото на државјанство
51 Регулирање престој за лица под меѓународна заштита согласно Законот за странци
51 Права на странци и мигранти
54 **ДЕЛ 2: УСТАВЕН СУД И ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**
54 **УСТАВЕН СУД**
54 Работа на Уставниот суд во 2022 година
54 Оценување на уставноста и законитоста на прописи
57 Барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот
58 **ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**
62 **ИЗВРШУВАЊЕ ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **БПП** | Бесплатна правна помош |
| **ВУС на РСМ** | Виш управен суд на Република Северна Македонија |
| **ВУС на РСМ** | Виш управен суд на Република Северна Македонија |
| **ДИТ** | Државен инспекторат за труд |
| **ЕКЧП** | Европска конвенција за човекови права |
| **ЕСЧП** | Европски суд за човекови права |
| **ЗБПП** | Закон за бесплатна правна помош |
| **ЗЗНЗБ** | Закон за заштита на населението од заразни болести |
| **ЗМПЗ** | Закон за меѓународна и привремена заштита |
| **ЗСЗД** | Закон за спречување и заштита од дискриминација |
| **КЗ** | Кривичен законик |
| **КОВИД-19** | Коронавирус 2019 |
| **КПТ** | Комитет за превенција од тортура |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **МЗМП** | Македонско здружение на млади правници |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МП** | Министерство за правда |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **НП** | Народен правобранител |
| **ОЈО** | Основно јавно обвинителство |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **УВМК** | Управа за водење на матичните книги |
| **УС на РСМ** | Управен суд на Република Северна Македонија |
| **ЦСР** | Центар за социјални работи |
| **ЦУК** | Центар за управување со кризи |

# За извештајот

Со осмиот Годишен извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Северна Македонија (Извештајот), Македонското здружение на млади правници (МЗМП)[1] има цел објективно да ги презентира и да ги документира повредите на човековите права идентификувани во 2022 година. Објективно и транспарентно презентирање на состојбата за почитувањето и заштитата на човековите права во државата е од примарна важност за тимот на МЗМП. Овој документ се надоврзува на другите национални и меѓународни извештаи посветени на човековите права, но се фокусира на правната заштита.

Првиот дел од Извештајот содржи опис на повредите на човековите права што се забележани и документирани од страна на тимот на МЗМП. Извештајот ги анализира документираните повреди на човековите права, и тоа, во следниве области: правата поврзани со животот и телото и личноста, одделно осврнувајќи се на родово базираното насилство, заштитата од тортура, нечовечко и понижувачко однесување, полициската бруталност и институционалните капацитети, правото на еднаквост и заштита од дискриминација, заштитата на личните податоци и приватноста, правото на здрава животна средина, правото на социјална заштита, правото на здравствена заштита, правото на државјанство и правен идентитет, правото на азил и интеграција на бегалците, правата на странците и мигрантите. Вториот дел ја анализира работата на Уставниот суд, ефикасноста на механизмите за заштита на човековите права и пресудите на Европскиот суд за човекови права донесени во 2022 година што се однесуваат на РСМ, а во кои се утврдува повреда на правата заштитени со Европската конвенција за човекови права.

[1] Извештај од 2020 година https://bit.ly/3aHH9Wv
Извештај од 2019 година shorturl.at/fEHJR
Извештај од 2018 година shorturl.at/opxJO
Извештај од 2017 година https://goo.gl/rJQPdr
Извештај од 2016 година https://goo.gl/2YJHJ3
Извештај од 2015 година https://goo.gl/zZHee8

# За користената методологија

При изработката на овој Извештај, тимот користеше комбиниран аналитичко-синтетички пристап во однос на прибирањето на податоците, нивното документирање и анализа. Извештајот има цел да ги постигне следниве истражувачки цели:

1.Да ги опише повредите на човековите слободи и права што се идентификувани од страна на МЗМП и

2. Да ја прикаже ефикасноста на постојните правни средства и механизми, пред сè, судската заштита во обезбедувањето заштита на граѓаните кога се повредени нивните слободи и права.

Податоците што се однесуваат на идентификуваните повреди на човековите права се прибрани преку следниве извори на податоци:

1. Документирани пријави и прибрани/прибавени информации од граѓани што се обратиле до МЗМП;

2. Постапки поведени и поддржани од МЗМП;

3. Документирани правни совети обезбедени од страна на адвокатите соработници и увид во списите од предметите поведени во рамките на проектите што ги спроведува МЗМП;

4. Следење и увид во објави на медиумите што се однесуваат на случаи на повреда на човековите права;

5. Следење релевантни меѓународни и национални извештаи што се однесуваат на заштитата на човековите права во РСМ, изработени од страна на домашни или странски организации или институции;

6. Увид во одлуките на Уставниот суд и пресудите донесени од ЕСЧП;

7. Информации од јавен карактер добиени од институциите.

Повредите на човековите права во овој Извештај се документирани користејќи описен метод со краток приказ на фактичката состојба, при што личните податоци на наведените извори се соодветно заштитени.

Ефикасноста на правните средства се анализира преку следење податоци за работата на институциите што имаат надлежност во заштитата на човековите права, правна анализа на нивните одлуки, како и преку користење на методот студија на случај. Овој метод овозможува преку анализа на конкретен случај, за кој е обезбедена правна помош во рамките на активностите на МЗМП, да се утврди ефективноста на правните средства во практиката. При селекцијата на случаи што се анализираат, користени се следниве критериуми: да бидат засегнати поголем број граѓани со проблемот и проблемот веќе да биде забележан, како и да постојат индиции или факти и докази што укажуваат на повреда на човековото право. Со овој метод, фокусот се става на следниве елементи од случаите: 1. Контекстот, односно опкружувањето во кое настанал случајот, 2. Фактичката состојба, 3. Релевантните и важечки прописи што го уредуваат прашањето, 4. Расположливите правни средства во поединечната ситуација, нивната правна уреденост и искуствата од поведените постапки, 5. Правни прашања што ги отвора случајот и постапувањето на судовите.

Временскиот период опфатен со извештајот е од 1 јануари 2022 до 30 ноември 2022 година.

# За правната заштита на човековите права во РСМ

Човековите права претставуваат основни права и слободи што му припаѓаат на секое лице во светот еднакво, од раѓањето, без оглед на тоа од каде доаѓа, во што верува или како избира да го живее својот живот. Тие не може да бидат ограничувани бидејќи се темелат врз заеднички вредности, како што се достоинство, непристрасност, правичност, еднаквост, почит и независност. Овие права се гарантирани со многубројни национални и меѓународни инструменти.

Основните права и слободи, како и владеењето на правото се темелни вредности на уставниот поредок на РСМ. Како највисок правен акт на

државата, Уставот дефинира листа на слободи и права[2], а со ратификуваните меѓународни договори[3], како дел од внатрешниот правен поредок, се дава можноста за вклучување дополнителни слободи и права што не се предвидени во Уставот.

Заштитата на слободите и правата се остварува преку гаранциите на основните слободи и права[4]. Основната гаранција што ја предвидува Уставот е можноста за заштита пред судовите и Уставниот суд на РСМ во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Останатите гаранции за заштитата на човековите права што ги предвидува Уставот вклучуваат и судска заштита на законитоста на поединечните акти и активно запознавање на граѓаните со нив. Покрај овие гаранции, заштитата се остварува по пат на почитување на принципот на владеење на правото (уставност, законитост, јавно објавување на законите, период *vacatio legis*, забрана за ретроактивно дејство на прописите, како и независна и самостојна адвокатура).

Ограничувањето на слободите и правата е единствено дозволено во случаи утврдени со Уставот или за време на воена и вонредна состојба, но и во овој случај само на начин утврден со Уставот.

[2] Види член 118 од Уставот на РСМ.
[3] Утврдени со членовите 50-54 од Уставот на РСМ.
[4] Утврдени со членовите 50-54 од Уставот на РСМ.

# ДЕЛ 1: ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО 2022 ГОДИНА

## ПРАВА ПОВРЗАНИ СО ЖИВОТОТ, ТЕЛОТО И ЛИЧНОСТА

### Инкриминација на дела поврзани со родово базирано насилство

Фемицидите во Северна Македонија три години одржуваат постојаност во нивниот број од вкупно 4 сторени фемициди годишно[5].Согласно статистиката на Министерството за внатрешни работи, од почетокот на годината, заклучно со септември 2022 година, евидентирани се вкупно 709 пријави на кривични дела сторени при вршење семејно насилство, а евидентирани се 863 жртви. Од вкупниот број пријавени случаи, има вкупно 4 кривични дела на лишување од живот на друг при вршење семејно насилство, додека, пак, 2 од пријавените дела останале во обид.[6]

Во 2022 година, Министерството за правда донесе одлука за подготовка на нов кодифициран Кривичен законик што ќе биде во согласност со стратегијата за реформа во правосудниот систем (2017–2022)[7]. Со целосната ревизија на Кривичниот законик, меѓу другото, ќе се изврши и кодификација на кривичните дела пропишани во други закони и ќе резултира со изготвување нов законик во согласност со меѓународните стандарди и практиката на Европскиот суд за човекови права[8]. Во нацрт-верзијата на предлог Кривичниот законик[9], меѓу другите дела, вметнати беа и кривичните дела Осакатување женски полови органи, демнење, полово вознемирување и присилно склучување брак.[10] Во ноември 2022 година беа донесени измени и дополнувања на Кривичниот законик и дел од измените се во насока на имплементација на Истанбулската конвенција.

[5] Годишен извештај за човекови права на МЗМП: https://bit.ly/3EpKpo3
[6] Република Северна Македонија - Министерство за внатрешни работи (mvr.gov.mk)
[7] https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Strategija%20i%20akciski%20plan_MK-web.pdf
[8] https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_ann_detail&itemid=lfGYV1C+V2Dj2WP+duAaDg
[9] ЕНЕР | Предлог на Кривичниот законик (ener.gov.mk)
[10] https://ener.gov.mk/files/propisi_files/plan/1_2140185944KZ%20PVR.pdf

# Постапување на полициски службеници при пријавување сторени кривични дела

МЗМП поднесе претставка до Секторот за внатрешна контрола при МВР во врска со нецелосно преземање мерки и активности за целосно расветлување пријавен настан за сторена тешка телесна повреда во согласност со полициските овластувања предвидени во Законот за полиција. По поднесувањето на соодветната претставка, од страна на Секторот за внатрешна контрола при МВР е утврден пропуст при постапувањето на полициските службеници, за што ќе бидат преземени соодветни мерки против полициските службеници согласно Колективниот договор на МВР.

# Нужната одбрана како основ за исклучување на противправноста

Оваа година особено внимание во јавноста привлекоа сторените убиства при постоење на нужната одбрана како основ за исклучување на противправноста. Во првиот пријавен случај, ОЈО Велес поднесе обвинителен предлог за сторено кривично дело Убиство на миг, додека, пак, во вториот случај, ОЈО Битола поднесе обвинителен акт за сторено кривично дело Убиство со умисла. Кога кривичните дела се сторени во одбрана, Основното јавно обвинителство има законска можност да ја запре кривичната постапка поради постоење на нужната одбрана како основ за исклучување на противправноста.[11] Ова не е направено во ниту еден од случаите, оставајќи ја можноста судот да одлучува во поведените постапки од страна на обвинителствата. Во двата случаи се провлекува еден ист проблем – претходно пријавувано семејно насилство во различни форми. Двете постапки иницирани од страна на ОЈО Велес и ОЈО Битола резултираа со пресуди на надлежните основни судови со кои се констатираше дека горенаведените дела се сторени при постоење на нужната одбрана.

[11] https://glasprotivnasilstvo.org.mk/ojo-veles-itno-da-ja-smeni-odlukata-vo-sluchajot-na-pale-iloska-i-da-go-iskoristi-institutot-nu-zhna-odbrana/

# Потреба од препознавање родово базирано насилство како посебна категорија насилство

Во 2021 година се донесе Законот за спречување од насилство врз жените и семејното насилство. Во рамките на законот е предвидена одредба за должно внимание со која се задолжуваат службените лица во институциите што вршат дејности од областа на социјалната заштита, внатрешните работи, здравството, детската заштита и образованието, како и надлежните судови и обвинителства во постапките за родово базирано насилство врз жените и семејното насилство, да постапуваат итно, со должно внимание на интересите и потребите на жртвата. МЗМП во соработка со повеќе невладини организации[12] реагираше по доставена пријава на жртва што долг временски период е жртва на родово базирано насилство од страна на познато лице. Во неколку наврати претходно, при обиди жртвата да пријави родово базирано насилство, од страна на Центарот за социјални работи не била обезбедена потребната заштита бидејќи не била во блиски односи со лицето вршител на родово базираното насилство. Координираниот пристап на невладините организации даде резултати, односно по доставената писмена пријава од страна на жртвата, ЦСР ја испита фактичката состојба и поднесе предлог за изрекување привремени мерки за заштита од родово базирано насилство. Жртвата ја доби заштитата со донесено решение за изрекување примени мерки за заштита од родово базирано насилство спрема насилникот од страна на Основниот граѓански суд во времетраење од една година. Преку конкретниот случај, утврдено е дека од страна на институциите не се прави разлика помеѓу семејното насилство и родово базираното насилство, како два посебни термини со различно значење. Таквото постапување е спротивно и на одредбите на законот, но и на одредбите од Истанбулската конвенција.



[12] Хелсиншкиот комитет за човекови права, Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство и Кризен центар „Надеж“.

# ЗАШТИТА ОД ТОРТУРА И НЕЧОВЕЧКО ИЛИ ПОНИЖУВАЧКО ПОСТАПУВАЊЕ

Забраната за тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување е апсолутна. Таа е императивна норма предвидена во членот 3 од Европската конвенција за човекови права, како и во многу други договори, и истовремено претставува и *jus cogens* норма што е обврзувачка за сите држави. Ваквиот карактер на забраната наметнува позитивна обврска за преземање соодветни мерки за превенција од појава на какви било дејствија на тортура и друг вид сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Станува збор за право од апсолутна природа за кое е потребно да го гарантира државата и да спроведе ефективни мерки за заштита од тортура и нехуман или понижувачки третман на кое било лице. Оттука, да нагласиме дека не мора да постојат секогаш дејствија за да станува збор за нехуман третман. Пасивноста на државата во многу случаи може да значи повреда на членот 3, на пример, доколку државата не спроведе соодветна истрага и казнување на сторителите, доколку не презела напори за подобрување на лошите и нехумани услови во затворите, системот на здравствена заштита, воспоставување безбедна средина во затворите, кое се оценува од страна на судот во Стразбур за секој случај поединечно, а го повредува достоинството на човекот до степен на нехуман и нечовечки однос.

## Недоволни институционални капацитети за борба со тортурата и нехуманиот третман

И покрај тоа што реформата на пенитенцијарниот систем започна уште во 2019 година и беа направени значителни законски измени[13], сепак практиката покажува дека сè уште постојат голем број недостатоци. Она што генерално може да се напомене три години по реформите е дека имаме нецелосно воспоставени тела во рамките на значајни институции што работат со помали капацитети. Во оваа насока, би споменале дека бројот на истражители во рамките на посебното одделение што е формирано во рамките на Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција[14] сè е уште мал, што влијае врз ефективноста на работата на самите предмети. Во рамките

[13] Закон за народниот правобранител, Закон за внатрешни работи, Закон за полиција, Закон за јавното обвинителство, Закон за судовите.
[14] Член 14, Закон за јавното обвинителство, објавен во „Службен весник“ број 42/20 од 16.2.2020 година.

на Народниот правобранител, посебниот механизам за граѓанска контрола на работата на полицијата[15] сè уште функционира без претставници на граѓанскиот сектор[16].

Во затворскиот систем беше пристапено кон воведување т.н. *систем на обвинител плус*, преку кој се предвидува обврска за казнено-поправните установи, воспитно-поправните установи или Управата за извршување на санкциите, по добиено сознание за постоење основи за сомневање дека припадник на затворската полиција сторил кривично дело при преземање службено дејствие или вон службата, без *одлагање* да го известат Одделението за истражување и гонење кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција[17]. По измените, до пишувањето на овој извештај не е доставена ваква пријава.

Донесена е Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2021–2025) и во 2022 година формирана е интерресорска работна група за следење на имплементацијата на стратегијата во која е членка и МЗМП. Предвидени се голем број стратешки цели за подобрување на условите во затворите, како и на третманот на осудените лица. Во тековниот период, работната група одржа два состаноци.

## Пријави на лица што се соочиле со тортура и нехуман третман од страна на полициски службеници или припадници на затворската полиција

Во периодот од 1.1.2022 до 30.9.2022 година[18], **Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди** постапил по 37 (44) поднесоци, во кои е наведено дека од страна на полициски службеници врз граѓани е употребена физичка сила. Притоа, утврдено е дека 19 (девет) поднесоци се неосновани, односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена физичка сила, во 14 (33) случаи поради немање докази не може да се утврдат наводите во претставката за употребена физичка сила и четири (два) поднесоци се основани – за што се поднесени четири кривични пријави за кривичното дело Малтретирање во вршење на службата.

[15] Закон за народниот правобранител, објавен во „Службен весник“ број 60/03,114/09, 181/16, 189/16 и 35/18.
[16] Одлука на Собранието на РСМ за избор на здруженија од областа на човековите права, полициското право и правосудството на Народниот правобранител – механизам за граѓанска контрола бр. 08-6985/1 од 23 декември 2019 година (Здружение за кривично право и криминологија, Хелсиншки комитет за човекови права и Македонско здружение на млади правници).
[17] Закон за извршување на санкциите објавен во „Службен весник“ број 99/2019 од 21.5.2019 година.
[18] Извештај на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди за девет месеци од 2022, достапен на https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Izvestaj-9meseci.pdf.

Во споредба со податоците за целата 2011 година[19], произлегува дека ситуацијата е многу слична[20] и поднесени се три кривични пријави за кривичното дело Малтретирање во вршење на службата. И покрај тоа што приближно 60 граѓани пријавиле употреба на физичка сила од страна на полиција, најголем дел од пријавите се отфрлени поради недостиг на докази.

**Народниот правобранител** постапува по предметите за тортура и нехуман третман преку воспоставениот надворешен контролен механизам. И покрај доставеното барање по слободен пристап за информации од јавен карактер во врска со предмети по кои постапувале, не беше одговорено на тоа. Во извештајот на Европската комисија за земјата е наведено дека соработката на Омбудсманот со граѓанското општество мора да се подобри. Исто така, наведено е дека во 2021 година постапувале по 8 поплаки за прекумерна употреба на сила (2 против полициски службеници и 6 против затворска полиција), што е намалување во однос на претходната година (21 поплака). Иницирана е само една постапка до Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција за предмет од 2020 година, која веќе е во Кривичен суд и се води постапка против полициски службеник за злоупотреба на службената должност[21].

До **Управата за извршување на санкциите** веќе три години не е поднесена претставка за тортура и нехуман третман од страна на осудено лице. Во 2020 година се поднесени 35 претставки, од кои ниту една за нехуман третман на осудени лица од страна на затворската полиција.

**Во судска постапка** се донесени 11 правосилни пресуди за делото Малтретирање во вршење на службата и една правосилна за делото Мачење и друго сурово, нечовечко и понижувачко постапување и казнување.

| ОСНОВ- КРИВИЧНО ДЕЛО | ПРИМЕНИ | | РЕШЕНИ | | ПРАВОСИЛНИ | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Предмети | Лица | Предмети | Лица | Предмети | Лица |
| Малтретирање во службата, чл. 143 од КЗ | 20 | 22 | 14 | 21 | 11 | 16 |
| Мачење и друго сурово, нечовечко и понижувачко постапување и казнување, чл. 142 од КЗ | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| ВКУПНО[22] | 20 | | 14 | | 12 | 17 |

Во врска со практиката на пријавување на предметите за полициска бруталност, и во 2022 година ситуацијата е иста како претходните три години. Најголем дел од претставките за тортура и нехуман третман што се поднесени до Одделот за

[21] Извештај на Европската Комисија за РСМ за 2022, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en
[22] Податоци добиени по слободен пристап до информации од јавен карактер од Кривичен суд Скопје за период од 01 јануари 2022–31 октомври 2022

внатрешна контрола од граѓани се отфрлени поради немање доволно докази. Нема пријава од страна на некоја казнено-поправна установа или Управата за извршување на санкциите за сторено кривично дело и несразмерна примена на сила од страна на припадник на затворска полиција кон осудено лице. Тоа покажува дека и покрај зголемениот број предмети за кривичното дело Малтретирање во вршење службата, системските недостатоци во врска со пријавувањето на тортурата и полициската бруталност сè уште постојат.

И во последниот извештај на ЕУ за земјата е наведено дека сите пријавени случаи мора да се истражат без одлагање и заштитните мерки против лошо постапување од страна на полицијата мора да се спроведуваат систематски[23].

## Прекумерна употреба на сила од страна на полициски службеници

Во врска со предметот што се појави на социјалните мрежи за полициската бруталност врз Ромите од Битола[24], во 2021 година беше донесена одлука од страна на Кривичниот суд со која обвинетиот полициски службеник е осуден на казна затвор во траење од една година. Таа беше укината по жалба од страна на Апелациониот суд Скопје и по повторно судење, Кривичниот суд Скопје на 30.5.2022 година донесе идентична одлука. Во врска со настанот, идентично, како и во претходната пресуда, судот наведува дека полицискиот службеник го малтретирал оштетениот Н. Ј. и спрема него постапил на начин што се понижува човечкото достоинство и човечката личност, со што целосно е исполнето законското битие на кривичното дело што на обвинетиот му се става на товар со обвинителниот предлог. Оваа пресуда е од големо значење поради тоа што и покрај ставот на Апелациониот суд и барањето за прибавување дополнителни докази, Кривичниот суд донел идентична пресуда. Досегашната судска практика е изрекување условна осуда за полициски службеници дури кога е утврдена употреба на прекумерна сила при пречекорувањето на полициските овластувања.

Во ноември 2022 година, донесена е осудителна пресуда против двајца полициски службеници вработени во Единицата за прв одговор и интервенција „Алфа“ за кривичното дело Малтретирање во вршење на службата, поради тоа што тие примениле прекумерна сила врз оштетениот во 2014 година и му нанеле видливи телесни повреди. Со пресудата е изречена условна осуда – казна затвор од една година доколку во рок од 3 години го повторат делото.

[23] North Macedonia Report 2022, https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en
[24] Видеоснимката е објавена на Јутјуб од корисник со назив „Dosie Mk“.

# Состојба и услови во казнено-поправните и воспитно-поправните домови

Во пенитенцијарниот систем, како проблеми и натаму остануваат лошите материјални услови во најголемиот затвор Идризово, недостигот на здравствена заштита, недостигот на медицински персонал за работа, корупцијата, поставувањето нестручни кадри на менаџерски позиции и директори на установи, како и недоволно ефикасните внатрешни и надворешни механизми за пријавување и гонење случаи на тортура и нечовечко постапување со осудените лица.

**Материјалните услови,** особено во Идризово, од страна на меѓународните организации се оценети како нехумани и деградирачки за осудените лица. Од страна на Европската Унија во последниот извештај за земјата[25], материјалните услови се оценети како драматични. Истото е нотирано и постојано се повторува во извештаите на Омбудсманот, како и во извештаите за мониторинг на условите во КПУ изготвени од МКЧП и од МЗМП. Јасно е дека и покрај напорите за подобрување на материјалните услови, сепак и натаму пенитенцијарниот систем се соочува со структурни проблеми и недостатоци што се провлекуваат. Повторно земјата се повикува да размисли за воведување системски решенија што треба да бидат донесени со најголема итност. Пренатрупаноста, недостигот на индивидуален простор, недоволниот број кревети за спиење, влагата, лошите санитарни и хигиенски услови се фактори што укажуваат на повреда на членот 3 од Конвенцијата. Во многу случаи, Судот утврдил прекршување на членот 3 од Конвенцијата, каде што затворениците немале свое место за спиење и морале да спијат наизменично[26]. И покрај тоа што повредата на членот 3 од Конвенцијата зависи од секој индивидуален случај, таа е поверојатна и поради неефективноста на правните лекови што ги имаат на располагање осудените лица во врска со подобрување на условите, со оглед на тоа што станува збор за системски долгорочни проблеми што се поврзани со капитални инвестиции, а од друга страна, затворите се соочуваат со намалување и на постојниот буџет. Единствено што може да добијат осудените лица во врска со подобрување на условите во Идризово е преместување во друга казнено-поправна установа, и тоа, само доколку ги исполнуваат законските услови.

[25] North Macedonia Report 2022, page https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en
[26] Анањев и другите против Русија, 2012 година.

**Затворскиот систем се соочува со сериозни проблеми во врска со обезбедувањето здравствена заштита на осудените лица.** Загрижувачки е нискиот број здравствен персонал што се ангажира во затворите, како и квалитетот на здравствената заштита на зависниците од дрога. Конвенцијата наложува обврска на државата да го заштити животот на осудените лица, а тоа е тесно поврзано со обезбедувањето навремена и соодветна здравствена заштита[27]. Моментално, обврската за обезбедување здравствена заштита во затворите е на Министерството за здравство преку јавните здравствени установи, но генералната забелешка е дека таа е недостапна, ненавремена и недостига соодветна терапија за потешко болните лица и лицата што се на метадонска терапија. Зајакнување на обезбедувањето здравствена заштита на осудените лица, вклучително и заштита на менталното здравје се предвидени како посебна стратешка цел во стратегијата, која вклучува и формирање посебно централизирано одделение во рамките на Институтот за јавно здравје на РСМ, надлежно за координирање на активностите за подрачните единици на ИЈЗ. Доколку во наредниот период не му се даде приоритет и не се зајакне здравствената заштита, и доколку државата итно не преземе разумни мерки, во многу случаи државата нема да може да ја исполни својата позитивна обврска и да се грижи за здравјето на осудените лица. Дополнително загрижува фактот што во Идризово се сместени голем број лица со акутни ментални нарушувања за кои затворот не може да обезбеди адекватна терапија и тие мора да се преместат во соодветна здравствена установа. Ова е и една од мерките во стратешката цел што се однесува на подобрување на здравствениот систем, но поради недоволниот капацитет на установите, недостигот на соработка помеѓу надлежните институции, како и правните празнини во постапката за преместување на овие лица, таа уште долго нема да може да се оствари. Повредата на членот 3 во однос на здравствената заштита може да се избегне само доколку се исполнат некои од планираните мерки преку кои ќе се воведе навремена и соодветна здравствена заштита за секое осудено лице, која ќе вклучува редовен и систематски надзор, како и сеопфатна терапевтска стратегија насочена кон адекватен третман на здравствените проблеми на осуденото лице за да го спречи нивното влошување, наместо да ги решава на симптоматска основа[28].

Според Конвенцијата, државата е должна да преземе **мерки за воспоставување ред и безбедност во казнено-поправните установи** со цел да ги заштити осудените лица од актите на заплашување и насилство од други затвореници.

[27] Jasinskis v. Latvia, 2010, § 60; Hilmioğlu v. Turkey (dec.), 2020, § 70.
[28] Амиров против Русија, 2014 година, § 93.

Исто така, државата е должна адекватно да одговори на секое аргументирано тврдење за такво малтретирање со спроведување ефикасна истрага и, доколку е соодветно, кривична постапка. Веќе подолго време, безбедноста во затворот во Идризово е намалена и поради тоа е зголемен и ризикот на насилство помеѓу осудените лица.

Во јуни 2022 година, од страна на МВР е извршен претрес во Идризово (на 25 ќелии)[29] каде што е пронајдена поголема сума парични средства од законски дозволените што осудените лица може да ги поседуваат во различни валути, педесетина мобилни телефони, компјутерска галантерија, 37 ножеви и повеќе други остри предмети, дрога во прашкаста, течна состојба и таблетки, како и други предмети за кои постои сомнение дека се поврзани со кривични дела. И покрај тоа што беше најавено од Министерот за правда дека ќе бидат поднесени и кривични пријави против секој за кој постои сомнение дека извршил кривично дело, не е направено тоа. Вечерта, по спроведениот претрес, запален е и автомобилот на вработен во казнено-поправната установа Идризово, а сопственикот бил повреден во обид да го изгасне пожарот[30]. Веќе неколку месеци недостигаат информации во врска со евентуална истрага и одговорност на некои инволвирани лица. Единствено беше разрешен директорот на Идризово, Реџеп Реџепи, но недостигаше образложение за причините за разрешување[31]. Присуството на ножеви во затворите го зголемува и ризикот од насилство помеѓу осудените лица. Неколку месеци по претресите, во октомври 2022 година и осуденото лице Бојан Јовановски (Боки 13) беше нападнат и претепан од три лица во затворот Идризово[32]. Тој со повеќе телесни повреди бил пренесен на лекување во болница, од што произлегува дека ситуацијата во Идризово значително не се променила ни по претресите. Од особено значење е тоа дали надлежните знаеле дека тој е подложен на ризик да биде нападнат од страна на некои осудени лица и дали се презеле некои мерки со цел тоа да се превенира. И ставот на судот во Стразбур во врска со ова прашање е јасен, а тоа е дека државата има позитивна обврска и должност што произлегува од членот 3 од ЕКЧП да ја заштити физичката благосостојба на осудените лица што се во ранлива положба поради тоа што се под целосна контрола на властите. И за таа цел мора да преземе навремени и ефективни мерки за истрага и казнување на одговорните лица.

Една од целите на реформите во пенитенцијарниот систем беше и враќање на довербата на граѓаните/осудените лица во системот за гонење и казнување на службените лица што примениле прекумерна сила. И покрај законските

[29] https://24.mk/details/pretresi-vo-kjelii-vo-zatvorot-idrizovo-droga-mobilni-telefoni-oruzhje
[30] https://www.mkd.mk/makedonija/razno/pozhar-vo-zatovorot-vo-idrizovo
[31] https://fokus.mk/boki-13-pretepan-vo-zatvorot-idrizovo/

измени, **внатрешниот и надворешен механизам на пријавување тортура и нехуман третман сè уште е неефикасен.**

Една од причините е и недоволната соработка на институциите со цел елиминација на тортурата и нехуманиот третман, првенствено помеѓу Управата за извршување на санкциите и директорите на казнено-поправните установи. Во неколку предмети што ги водеше МЗМП беше нотирано дека и покрај пријавите од страна на осудените лица за насилство и прекумерна употреба на сила во казнено-поправни установи, за тоа не била информирана УИС, и покрај законската обврска што ја има казнено-поправната установа. Истото е нотирано и во извештајот на ЕУ за земјата за 2022 година, односно дека во еден пријавен случај била констатирана употреба на физичка сила во затворот Идризово, но затворот не доставил пријава до Управата за извршување на санкциите[33]. Исто така, недостигот на функционален видеонадзор и непочитувањето на законските обврски на казнено-поправната установа во обезбедување на снимките од настани што вклучуваат прекумерна примена на сила од страна на затворската полиција дополнително ја отежнува истрагата на органите за прогон. Оттука следува дека осудените лица не се охрабруваат да пријават случаи на тортура и нехуман третман поради тоа што немаат доверба во тоа дека институциите ќе спроведат ефективна истрага во врска со нивните пријави и за тоа ќе добијат само дисциплински мерки – самица.

Исто така, во казнено-поправните установи, осудените лица **немаат пристап до ефективен правен лек во врска со дисциплинските казни.** Статистиката покажува на многу мал број жалби што се поднесени од страна на осудени лица на донесени решенија за изрекувања дисциплински мерки. Често, практиката е осудените лица да ги немаат примено решенијата за изрекување дисциплинска мерка; на пример, доколку тие се наоѓаат во самица, решението е прикачено на вратата од самицата, а осудените лица успеваат да стапат во контакт со невладина организација, правник и/или адвокат откако ќе завршат со издржување на дисциплинската мерка. Така, во периодот од јануари до август 2022 година, до Управата за извршување на санкциите биле поднесени само 15 жалби од осудени лица, и тоа, 6 од КПД Штип, 5 од КПУ Затвор Скопје, 2 од КПУ Затвор Битола и 2 од КПУ Затвор Куманово (5 од жалбите се уважени, а 9 се одбиени). Најчести причини за изрекување на дисциплински мерки се: пронајден мобилен телефон, физичка пресметка, физички напад, ненавремено враќање од користење погодности и внес на алкохол/наркотици. Од КПД Идризово, најголемата казнено-поправна установа во државата, не е

[33] North Macedonia Report 2022, page https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en

пристигната ниту една жалба, што само говори за фактот колку осудените лица немаат соодветен пристап до правото на жалба и не се поучени за користење на правото на жалба[34].

Проблемите се многубројни, а капацитетите на институциите се исти, нотирањата на релевантните институции, посебно во врска со условите во затворите, се алармантни и секоја година драматично нехумани. Или ќе преземеме сериозни чекори за подобрувања, или желбите за подобрувања наведени во стратегијата ќе станат невозможни.

# ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Во 2022 година се идентификувани осум жртви на трговија со луѓе, од кои седум се деца. Седум се домашни и една е странска жртва. Најголемиот дел од нив се експлоатирани преку тоа што склучиле принуден брак (7 случаи) и еден случај е сексуална експлоатација. Новиот *modus operandi* на трговците е регрутирање на жртвите преку социјалните мрежи. Загрижува фактот што старосната граница на жртвите се намалува, имајќи предвид дека пред десет години жртвите биле од 16-годишна возраст па нагоре, а сега се на возраст од 10 до 17 години[35]. Сè уште главниот вид експлоатација на жртвите е сексуалната, но препораките и на ГРЕТА се дека е потребно државите, меѓу кои и нашата, да направат напори за идентификување на жртвите на трудова експлоатација што се присутни особено во ризичните сектори, како што се угостителство, земјоделство, градежништво и друго. Навременото обезбедување пристап до правна помош, како и можноста за бесплатна правна помош на жртвите се исклучително важни за да може жртвата навреме да биде известена, да одлучи како ќе постапува и кои права и процесни можности ќе ги ползува со цел да биде соодветно заштитена.

Во РСМ, системот на обезбедување бесплатна правна помош на жртвите во кривичната постапка е нефункционален. Со новиот ЗБПП не е предвиден адвокат за жртвите во кривичната постапка, па според тоа, не може да стане збор за нивна ефикасна правна заштита. Примарната правна помош е обезбедена од страна на мобилните тимови во кои има и претставници на МЗМП.

Доколку се направи анализа на постојните пресуди од оваа област, може да се заклучи дека посебните процесни мерки за заштита на жртвите, посебно

[34] Извештај за состојбите и условите во казнено-поправните установи и воспитно-поправната установа за 2022 година.
[35] Изјава на државната секретарка на МВР, Магдалена Несторовска https://www.fakulteti.mk/news/18102022/od-osum-zhrtvi-na-trgovija-so-lugje-godinava-sedum-se-maloletni-predatorite-se-povekje-go-koristat-internetot?fbclid=IwAR3o_6EewWPXF6zkbZXXGq-mTI02jBEcTi8xHoC9A6jzXX33hYKRQieuQkIY

за децата жртви, речиси воопшто не се користат во практиката[36]. Со тоа жртвите се изложени на ризик од секундарна виктимизација. Во 2022 година веќе е изготвен новиот Закон за кривичната постапка што содржи одредби за зајакнување на заштитата на жртвите и подобрување на нивниот пристап до бесплатна правна помош. Нема пресуда во која е применета мерка – конфискација на имот, во неколку пресуди одземени се предмети на трговци, но и покрај досуденото обесштетување за жртвата, пресудите не можеше да се извршат поради тоа што сторителите немаа имот или тој не можеше да се продаде.

Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство е изгласан од страна на Собранието на 17.11.2022 година и е објавен во „Службен весник" број 247/2022 година. Предвидено е тој да влезе во сила на 17.5.2023 година. Законот е од големо значење за сите жртви на кривични дела со насилство бидејќи, според анализите на експертската јавност, тој ќе овозможи подобра заштита за жртвата на насилство и ќе го подобри нивниот пристап до правда. Целта на законот е жртвата да може да добие надоместок на штета во најрана фаза, пред постапката да биде правосилно завршена, дури и кога против сторителот не е поведена кривична постапка, освен по исклучок, кога основот и висината на надоместокот не може да се утврдат без правосилно завршена кривична постапка. Но и тогаш, законот предвидува одлуката да се донесе во рок од три месеци од денот на правосилноста на пресудата во кривичната постапка.

Притоа, предуслов за остварување на правото на надоместок е кривичното дело да биде евидентирано или пријавено во полиција или во јавното обвинителство, за што надлежните органи се должни на жртвата да /му издадат соодветна потврда. Законот предвидува основање Комисија како независно тело што ќе биде надлежно да одлучува за правото и висината на надоместокот во зависност од сложеноста на случаите. Дополнително, ќе се води сметка жртвата да нема право на надоместок доколку тоа го остварила по друг основ (согласно Законот за облигационите односи). Исто така, државата ќе го задржи правото да бара регрес од сторителот или од жртвата доколку се утврди дека надоместокот е стекнат неосновано.

Досегашната практика покажа дека и покрај законските можности за обесштетување на жртвите за трговија со луѓе во кривична и граѓанска постапка, тоа беше неефикасно и неспроведливо во практиката за жртвите.

[36] Lazetik & Zdravkova (2020), The rights of the victims of human trafficking during the court proceedings. Available at: https://rm.coe.int/hf29-research-thb-mkd/16809f035d

Причината за тоа се најчесто долгите постапки во кои се одлучува за имотно-правното побарување на жртвите и проблемите во однос на извршувањето на пресудите. И покрај донесените пресуди, жртвите не може да бидат обесштетени поради тоа што сторителите најчесто немаат имот. Извршена е само една пресуда[37] во 2021 година, со која на жртва на трговија со луѓе се доделува надоместок во износ од 300 000 денари (4 800 евра), кој е извршен од парични средства на сторителот, одземени од страна на Судот. Како организација што долго време работи во областа на заштитата на човековите права, ние сме посветени и работиме во насока на зајакнување на заштитата на жртвите на кривични дела преку обезбедување бесплатна правна помош, учество во работни групи за законски и подзаконски измени и во наредниот период ќе им дадеме поддршка на жртвите во остварувањето на нивното право на обесштетување.

# ПРАВО НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## Спреченост на лицата бездомници за пристап до социјални услуги

Бездомните лица поседуваат лична карта како средство за лична идентификација и се водат на адреса на која повеќе не престојуваат. При поднесувањето барање за остварување права од социјална заштита, овие лица се спречени, имајќи предвид дека повеќе не живеат на наведените адреси и не се во можност да пријават ново живеалиште или престојувалиште со оглед на фактот што станува збор за бездомни лица. Во законот за пријавување живеалиште/престојувалиште се пропишани обврски за странките да пријавуваат преселување од едно место на друго во одреден временски период со поднесување придружна документација, како и обврска за пријавување престојувалиште подолго од 30 дена надвор од нивното веќе пријавено живеалиште. Доколку овие лица би ги почитувале законските одредби за одјавување на нивното живеалиште, по законски пропишаниот рок би се соочиле со парична казна – глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност и не би можеле да пријават ново живеалиште бидејќи станува збор за бездомни лица. Со неодјавувањето на живеалиштето, странките во моментот немаат правна пречка да ја продолжат важноста на нивните лични документи со оглед на фактот што веќе имаат пријавено живеалиште што сè уште не е одјавено.

[37] Број на предмет КОК 20/18 од 19.4.2021 година.

Поради неможност да пријават живеалиште/престојувалиште во конкретниот случај, на странките им е оневозможено да ги остваруваат правата од социјална заштита бидејќи иако поседуваат лични документи со пријавено живеалиште, фактички не живеат во заедничко домаќинство со луѓето што живеат на конкретните адреси каде што се пријавени странките.

Компаративно гледано, државите во регионот (Република Србија, Република Босна и Херцеговина и Република Хрватска), соочени со истиот проблем, имаат предвидено законско решение со можност бездомните лица да може да се пријават со живеалиште на адресата на Центарот за социјални работи.

Согласно нашето постојно законодавство, не постои можност бездомните лица да се регистрираат на адреса на Центарот за социјалните работи, па од тие причини овие лица се ограничени во пристапот до остварување права од социјална заштита.

## Тужба за издршка против близок сродник како услов за остварување гарантирана минимална помош

Како право на парична помош, правото на гарантирана минимална помош (ГМП) е пропишано со Законот за социјална заштита[38], додека, пак, начинот на остварување на ова право е уреден со Правилникот за начинот на остварување на правото на гарантирана минимална помош, утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото, образецот на барањето и потребната документација[39]. Постапувајќи по конкретни случаи, прибирање податоци и спроведување анализа, се констатираа определени недоследности при остварување на правото.

Во постапка за остварување ГМП, од страна на Центрите за социјална работа за остварување на правото како доказ се бара да се достави тужба за законска издршка од барателите што се во исто домаќинство со членовите на семејството. Иако тужбата за законска издршка против близок сродник, кој по закон е должен да го издржува барателот, е определена како документ (доказ) согласно Правилникот, надлежните центри носат решение по доставување на бараниот доказ, без оглед на исходот од постапката. Постои контрадикторност

[38] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf, Закон за социјална заштита, член 28
[39] https://mtsp.gov.mk/content/pdf/2019pravilnici/30.5-%20ostvaruvanje%20na%20garantirana%20paricna%20pomos.pdf

во постапувањето на Центрите за социјални работи, имајќи предвид дека тужбата се бара само како формален документ во постапката, а од друга страна, материјалната состојба на домаќинството секако се утврдува, без оглед на постапката по тужбата за издршка. На тој начин, барателите на ГМП, кои се социјално загрозени лица, непотребно се изложуваат на дополнителни трошоци за поведување судска постапка што им претставува финансиски товар и притоа се влошуваат семејните односи помеѓу членовите што живеат во исто домаќинство со самото тоа што се принудени да поднесат тужба против член на семејство со кое живеат во исто домаќинство.[40]

## Социјални права на лицата со попреченост

При постапување по повеќе случаи, прибирање информации и спроведување анализа, МЗМП утврди недоследности при остварувањето на правото на парична помош на родител што има дете со попреченост, правото на надоместок за помош и нега на друго лице и правото на надоместок заради попреченост. Овие права се уредени со Законот за социјална заштита и Правилници[41], но во практиката постојат проблеми со кои се соочуваат овие категории ранливи лица.

Постои различен/неунифициран начин и различна практика на постапување од страна на надлежните Центри за социјална работа при обезбедувањето на потребните наоди и мислење за здравствената состојба на лицата со попреченост. Барањето да се обезбедат наод и мислење за веќе утврдени трајни промени во здравствената состојба е нејасно затоа што таквата состојба е непроменлива (слепило од раѓање, Даунов синдром и слично). Ваквото постапување придонесува за усложнување на веќе тешката ситуација во која се наоѓаат овие луѓе и во одредени случаи поведување судски постапки за докажување нешто што е веќе утврдено. Долготo траење на постапката, која во одредени случаи и до трипати завршува со пресуда на Управниот суд, овие лица ги става во дополнителен ризик, кои се оставени без заштита подолг период, а во некои случаи до две години. Со цел да може да ги остварат правата, ранливите категории лица водат судски постапки со кои се изложуваат на дополнителни трошоци.[42]

[40] https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/MZMP-dokument-za-javni-politiki-socijalna-i-detska-zastita-WEB.pdf
[41] Правилник за начинот на остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, образецот на барањето и потребната документација („Службен весник“ бр. 104/19 од 23.5.2019 година); Правилник за начинот на остварување на правото на надоместок заради попреченост.
[42] https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/MZMP-dokument-za-javni-politiki-socijalna-i-detska-zastita-WEB.pdf

# ПРАВО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## Повреда на правото на здравствена заштита на малолетно лице

### Случај X

Повредата е сторена спрема малолетно лице што поседува потврда дека лицето е корисник на посебен додаток и се ослободува од партиципација при користење примарна, специјалистичко-консултативна и болничка здравствена заштита, кои паѓаат на товар на ФЗОМ, и лекување во странство. Имајќи предвид дека корисникот на посебен додаток е ослободен согласно издадена потврда од ЦСР, сепак со оглед на фактот што станува збор за дете над тригодишна возраст, не е ослободен од трошоците за придружник во случај на болничко лекување, и покрај фактот што од страна на ЈЗУ УК за детски болести се инсистира на тоа детето да има придружник за време на болничкото лекување. Со оглед на направениот долг за придружник за време на болничко лекување, родителот е спречен во прибавувањето на отпусното писмо од здравствената установа со образложение дека најпрво треба да го плати она што го должи на клиниката. Со неиздавањето на отпусното писмо се попречува детето да има пристап до неопходна терапија што е потребно да ја има, имајќи ја предвид неговата сериозна здравствена состојба. Ваквото постапување е спротивно на одредбите од Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување. По извршеното болничко лекување, здравствената установа на осигуреното лице на денот на отпуштањето од болница му издава отпусно писмо со совет и препорака за натамошно лекување. За надоместок на направените долгови, ЈЗУ УК за детски болести има други законски механизми што би можела да ги преземе со цел да изврши присилна наплата на долгот, но не да не издава отпусно писмо на штета на осигуреник. Со овие дејства целосно се попречува пристапот на осигуреникот за набавка на лекови на товар на фондот без партиципација согласно издадената потврда.

# Отежнато користење здравствени услуги во странство

За потребата од лекување осигурени лица во странство се поднесува барање до ФЗОРСМ што носи решение за болничко лекување. При донесување одлука за болничко лекување во странство, фондот носи одлука и за начинот на превоз на пациентот од нашата држава до државата во која треба да се изврши болничкото лекување согласно Правилникот за начинот на користење на здравствените услуги на осигурени лица во странство. Во конкретната ситуација, на осигуреното лице му бил одобрен превоз со автобус со цел да се изврши посериозна медицинска интервенција и за неколку дена било потребно тоа осигурено лице да се врати во државата со автобуски превоз. Имајќи ги предвид должината на патот и типот на превозот, основано може да се постави прашањето дали при одлучување за превозот на пациенти до и од медицинската установа во странство ФЗОРСМ ги има предвид последиците од извршувањето на интервенцијата, состојбата на пациентите по извршените интервенции, вклучително и најдобриот интерес на пациентот. Со оваа претставка, покрај утврдување повреда на правото, МЗМП побара од народниот правобранител да констатира и потреба од унапредување на донесениот Правилник за начинот на користење здравствени услуги во странство во делот на избор на превозно средство, со внесување издржани критериуми според кои ќе се изврши изборот.



# Дискриминација по основ на пол од областа на здравствената заштита

## Случај XX

МЗМП поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација против ЈЗУ Клиника за детски болести – Скопје. Претставката се однесува на постоење дискриминација и ставање во нееднаква положба по основ на пол на татковците при вршење на нивните родителски права. Согласно членовите 44 и 45 од Законот за семејство, родителското право се состои од правата и должностите на родителите да се грижат за личноста, правата и интересите на своите малолетни деца. Родителското право еднакво им припаѓа на мајката и на таткото. Татковците се спречени да ги придружуваат своите малолетни деца за време на нивните хоспитализации, придржувањето е дозволено само на мајката за децата, а во случај на спреченост на мајката, тоа е овозможено само за роднини од женски пол (баба, тетка, вујна, стрина и сл.).

Ваквото нееднакво постапување по основ на пол е констатирано во Извештајот на народниот правобранител во 2016 година, по што е доставена информација до Министерството за здравство, со која е препорачано да се преземат сите неопходни мерки за обезбедување просторни и други предуслови во одделенијата во кои се хоспитализира дете со придружник, ова право еднакво да може да го користи секој родител/старател без оглед на полот[43].

Согласно Законот за здравствено осигурување[44], како членови на семејство на осигуреникот, во смисла на овој закон, се сметаат: брачниот другар и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување. Бабата, вујната, стрината или други роднини на осигуреникот не се сметаат како членови на семејство. Правото на боледување за негување болен член на потесно семејство над тригодишна возраст, но не повеќе од 30 дена, избраниот лекар може да го издаде само на членовите на потесното семејство на осигуреникот (брачен другар или деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување). Ова значи дека од потесното семејство се исклучуваат родителите на осигуреникот, како што се мајка, татко, баба, дедо, внуци, свекор, свекрва, па затоа за нив лекарот нема право да издаде боледување за нега. Овој член оди во прилог на тврдењето дека неосновано се повикуваат во својство на придружници лица што согласно

[43] Извештај на Народниот правобранител, 2016 година, стр. 72. https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2016/GI-2016.pdf
[44] Закон за здравствено осигурување, член 6.

закон не се сметаат како членови на семејството на осигуреникот.

Со поднесената претставка, МЗМП побара Комисијата за заштита од дискриминација да донесе мислење со кое ќе утврди постоење продолжена директна дискриминација по основ на пол и да даде препорака на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести да ја отстрани дискриминаторската практика, да овозможи татковците да ги придружуваат своите хоспитализирани деца под еднакви услови и да имаат ист третман како и мајките, како и во иднина да се воздржи од преземање дискриминаторски дејствија.

## Отежнат пристап до болничка терапија на пациентите со малигни и ретки болести

Пациентите со малигни и ретки болести се соочуваат со отежнат и неконтинуиран пристап до болничка терапија. Лековите што им се препишуваат на пациентите се набавуваат преку буџетски механизми на државата, најчесто преку постапки за јавни набавки што ги спроведуваат клиниките каде што се лекуваат пациентите. Овие лекови, според својата специфика и намена, најчесто не се наоѓаат на позитивната листа на лекови, како и на листата на лекови што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување.

Во периодот од јуни до ноември 2022 година, пациентите со ретки и малигни болести имаа можност да пријават во МЗМП дефицитарна терапија на клиниките каде што се лекуваат, како и да добијат правен совет и информација за правните механизми што им стојат на располагање. Многу мал број од пациентите го искористиле механизмот да се обратат до директорите на клиниките или до Министерството за здравство за да го пријават недостигот на конкретниот лек. Уште помал број од пациентите се охрабрени да поднесат претставка за повреда на нивното право до Народниот правобранител. Според досегашната практика, во најголем број од случаите, информациите за дефицитарната терапија до Министерството за здравство, како и до сите засегнати чинители и институции стигнуваат преку здруженија на пациенти.



# Преглед на пријавена дефицитарна терапија за малигни и ретки болести во МЗМП за периодот од јуни до ноември 2022 година

| ПРИЈАВЕНА ДЕФИЦИТАРНА ТЕРАПИЈА ЈУНИ – НОЕМВРИ 2022 ГОДИНА | |
|---|---|
| МАЛИГНИ БОЛЕСТИ | РЕТКИ БОЛЕСТИ |
| Имунотерапија | Азептил (за Фон Вилебранд) |
| Ниволумаб и неговата замена Пембролизумаб (за лимфом) | Хумира, терапија за јувенилен артритис |
| Тецентрик атезолизумаб | Фактор за третман на хемофилија |
| Херцептин (за рак на дојка) | Нитисинон (за Тиросинемија тип 1) |
| Аликтенип/Аликенса (дијагноза : рак на бели дробови) | Имуноглобулини (дијагноза: атаксија – телеангиектазија) |
| Темозоламит (дијагноза: рак на мозок) | Тегретол (епилепсија) |
| Зелбораф (за рак на кожа, меланом) | |

Во секој случај, МЗМП поднесе три претставки за дефицитарната терапија за третирање лимфом, рак на кожа и рак на дојка. Претставките за дефицит на терапија за третман на лимфом и рак на кожа МЗМП ги поднесе заедно со организацијата „Хема“, додека, пак, претставката за недостиг на херцептин за третман на рак на дојка ги поднесе во име на две пациентки.

Особено загрижува фактот што отежнатиот пристап до терапија е проблем што се провлекува со години наназад, па затоа ниту е новина, ниту проблем од затворен карактер. Државата, преку Министерството за здравство како коректор на постапувањата на клиниките, иако е должна да им овозможи на пациентите континуиран пристап до терапијата, сепак останува без одговор и без трајно системско решение за тоа. Недостигот на лекови многу често е поради ненавремено правење нарачки до добавувачот од страна на клиниката или поради ненавремено покренување постапки за јавна набавка по истекот на договорот за набавка, со што се појавува вакуум простор каде што нема ни количини од лекот, ниту склучен договор за набавка за да може да се достават. Фактот што говори за континуиран недостиг на терапијата во различни интервали е дополнителен финансиски проблем за пациентите. Терапијата се движи од 100 до 3000 евра, дури и повеќе, што за просечно македонско домаќинство чини многу за приватен третман на болеста од неколку месеци, колку што вообичаено е дефицитарна терапијата. Од друга страна, на пациентите не им е достапен ниту механизмот за рефундирање на средствата за приватно набавен (купен) лек што вообичаено го примаат како болничка терапија. Причината за ова е што согласно Правилникот за остварување права

и обврски од задолжително здравствено осигурување, Фондот за здравствено осигурување ги надоместува единствено трошоците за лекови што се на позитивната листа на лекови. Оттука, до прашање се доведува и правото на еднаков третман на овие здравствено осигурени граѓани што се болни од малигна или ретка болест во споредба со останатите здравствено осигурени граѓани што може да добијат рефундација на средства за приватно набавен лек од позитивната листа.

Третиот наод во овој период поврзан со предизвиците со кои се соочуваат пациентите е неажурираната позитивна листа на лекови повеќе од 17 години. Пациентите сè почесто бараат индивидуална помош за лекот што го примаат тие или член на нивното семејство да се регистрира во листата.

## Сомнеж за злоупотреби во приватните здравствени установи

За време на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 се забележа неефикасноста на јавниот здравствен систем, односно неможност на јавните здравствени установи да ги згрижат пациентите заразени со коронавирусот. Со оглед на слабите капацитети (сместувачките капацитети и човечките ресурси) на јавните здравствени установи, голем дел од населението во земјата одлучи дека единствен начин да добие соодветна здравствена заштита е да плати за лекување во приватните болници со цел соодветна здравствена заштита и, што е најважно, место за натамошно болничко лекување. Голем дел од пациентите побараа лекување во приватната болница „Жан Митрев“, каде што како метод на лекување бил применуван методот на хемофилтрација (филтрирање на крвта).

Според известување до јавноста упатено од тогашниот министер за здравство, методот на хемофилтрација не бил медицински тестиран, клиничките студии не биле пријавени ниту одобрени од страна на МАЛМЕД, ниту можело да се каже со гаранција дека воопшто помага за подобрување на состојбата на пациентите предизвикана од коронавирусот.

Бидејќи надлежните не извршиле контрола во врска со примената на методот на хемофилтрација од страна на приватните здравствени установи, посебно „Жан Митрев“, Истражувачката репортерска лабораторија (ИРЛ) спроведе

истрага за тоа што се случувало конкретно во болницата „Жан Митрев“, која подолг период го применувала овој метод.

Истрагата резултираше со: откривање измамнички практики, примена на методот на хемофилтрација без претходно пратено барање до Македонската агенција за лекови и медицинска опрема и без добиена посебна дозвола од Етичката комисија за спроведување клинички испитувања – медицински третман со метод на хемофилтрација користена под строго утврдени правила и протоколи и постоење интрахоспитални бактерии во болнички услови што не биле соодветно пријавени во Центарот за јавно здравје.

Како резултат на направеното истражување од страна на ИРЛ и јавно објавеното видео „Нечиста крв“, повеќе од 150 граѓани пријавија случаи до ИРЛ на несоодветна медицинска грижа за време на пандемијата дадена од страна на болницата „Жан Митрев“. Со оглед на фактот што преземањето правни дејствија и давањето правна помош не спаѓаат во доменот на работа на ИРЛ, тие воспоставија соработка со Македонското здружение на млади правници и Хелсиншкиот комитет за човекови права. По објавувањето на видеото „Нечиста крв“, ОЈО отвори постапка по допрен глас. По утврдувањето определени околности во текот на предистражната постапка, ОЈО Скопје донесе наредба за спроведување истражна постапка против едно лице за кое постои основано сомнение дека сторило кривично дело Измама согласно членот 247 став 4 во врска со став 1 од Кривичниот законик.

Овој случај, покрај тоа што открива неправилно работење на една од најголемите приватни здравствени установи, поставува и повеќе прашања во врска со здравствениот систем и здравствената заштита: кој врши надзор и контрола на работата на приватните здравствени установи; како се врши тој надзор и зошто, доколку постоеле сознанија, не било преземено ништо од страна на надлежните органи.



# ПРИСТАП ДО ПРАВДА

## Примена на Законот за бесплатна правна помош

Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП) од 2019 година, во октомври 2022 година влезе во четвртата година од неговата примена. Целиот концепт на законот во одредена мера придонесе за подобрување на севкупниот пристап до правдата на најсиромашните и маргинализираните групи во државата. Преку олеснување на условите за пристап до секундарна правна помош се влијаеше врз зголемувањето на потенцијалните корисници на ова право; децентрализацијата во процесот на одлучување се покажа како практично решение за забрзување на времето потребно за одобрување на правната помош; вклучувањето нови даватели на правна помош ги прошири можностите на населението за обраќање за правна помош. Новото законско решение претставува значително подобрување во споредба со претходното. Сепак, во системот се покажаа значителни предизвици и тешкотии како резултат на недоволниот човечки и технички капацитет на Министерството за правда (МП) и особено поврзани со самата законска рамка. Тоа што особено излезе на површина како продолжение на научени лекции од претходните години е дека соработката и комуникацијата меѓу сите клучни чинители во системот постојано треба да се одржува, да се надградува и да се зајакнува.

Преку проектот Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија (2246 – HFII), имплементиран од Советот на Европа и финансиран од Европската Унија и Советот на Европа, во ноември 2022 година беше изработена Анализа на Законот за бесплатна правна помош од 2019 година[45]. Анализата ги идентификува, ги опишува и ги анализира одредбите на законот и ги споредува со стандардите на Советот на Европа и Европската Унија, како и со најдобрите компаративни практики, притоа нудејќи препораки за надминување на утврдените состојби.



[45] Автори: Гоце Коцевски и Елена Георгиевска; Соработници: Бојана Неткова и Џон Имс. Анализата е изработена во партиципативен и консултативен процес со членовите на Националното координативно тело (НКТ) за спроведување на ЗБПП (види повеќе Записници од 8-ми и 9-ти состанок на НКТ, достапни на https://pravnapomos.mk/nacionalno-koordinativno-telo/).

# Примарна правна помош обезбедена од Македонското здружение на млади правници во 2022 година

Во периодот од јануари до ноември 2022 година[46], МЗМП обезбеди вкупно 394 правни совети во согласност со Законот за бесплатна правна помош. За своето постапување и услугите што ги дава како овластено здружение од областа редовно го информираше Министерството за правда преку вкупно 11 поднесени месечни извештаи. Различните форми на правна помош и поддршка МЗМП ги дава преку телефон, електронска пошта, www.pristapdo-pravda.mk, профилите на Фејсбук и на Инстаграм на МЗМП, како и директно во канцеларијата на МЗМП.

## Табела 1: Преглед на дадени правни совети во периодот од јануари до октомври 2021 година

| Месец (2022 година) | Вкупно | Пол на корисниците на ППП | | Возраст на корисниците на ППП | | | | Етничка припадност на корисниците на ППП | | | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | м | ж | -18 | 18 - 25 | 25-50 | + 50 | мак | алб | ром | срб | др. | |
| Јануари | 28 | 17 | 11 | n/a | n/a | 15 | 9 | 23 | 0 | 4 | 0 | 1 | На дел од лицата им е обезбедена правна помош преку социјални мрежи за што не можеше да се обезбедат точни информации за нивната возраст или етничка припадност, поради што дел од податоците и не се поклопуваат со вкупниот број дадени правни совети и правни информации. |
| Фев. | 55 | 25 | 30 | n/a | 1 | 26 | 24 | 43 | 2 | 6 | n/a | n/a | |
| Март | 50 | 16 | 32 | 1 | n/a | 26 | 21 | 43 | 3 | n/a | n/a | 2 | |
| Април | 40 | 17 | 23 | n/a | 1 | 19 | 16 | 32 | 1 | 3 | n/a | n/a | |
| Мај | 39 | 12 | 27 | n/a | n/a | 28 | 10 | 32 | 2 | 3 | n/a | n/a | |
| Јуни | 21 | 9 | 12 | n/a | n/a | 8 | 11 | 16 | n/a | 3 | n/a | n/a | |
| Јули | 49 | 16 | 30 | n/a | 1 | 26 | 19 | 40 | 1 | 4 | 1 | n/a | |
| Август | 46 | 18 | 28 | n/a | 1 | 25 | 18 | 37 | 2 | 5 | n/a | n/a | |
| Септ. | 28 | 13 | 15 | 1 | 1 | 20 | 5 | 22 | n/a | 5 | n/a | n/a | |
| Октом. | 43 | 14 | 23 | n/a | 2 | 18 | 17 | 28 | 2 | 7 | n/a | n/a | |
| Ноем. | 15 | 3 | 10 | n/a | n/a | 7 | 6 | 12 | n/a | 1 | n/a | n/a | |
| ВК: | 414 | 160 | 241 | 2 | 7 | 218 | 156 | 328 | 13 | 41 | 1 | 3 | |

[46] Сметано до 15.11.2022 година.

Во прегледот од **Табела 1** се дадени основните податоци со кои располага МЗМП во однос на дадените правни совети и информации на заинтересираните граѓани што се обратиле во МЗМП. Од расположливата статистика на МЗМП видно е дека граѓаните најмногу се обраќале за совети во врска со имотни правни прашања и прашања во врска со остварување или заштита на права од социјална и детска заштита. Статусните прашања се трети по застапеност меѓу дадените правни совети и информации. Застапени се и права од здравствена заштита и осигурување, заштита од семејно и родово базирано насилство, како и интерес за состав на претставки и барања за заштита на човекови права.

Во текот на 2022 година преку МЗМП е поднесено 21 барање за секундарна правна помош, и тоа, за 15 жени и 6 мажи. Старосната граница на барателите на секундарна правна помош се движи најмногу од 25 до 50 години возраст, додека, пак, најчестите проблеми за кои бараат судска заштита се статусни прашања и заштита на деца. Во продолжение е даден преглед на поднесени барања за секундарна правна помош.

## Табела 1: Преглед на дадени правни совети во периодот од јануари до октомври 2021 година

| Месец (2022) | Пол на барател/ -ка | | Возраст | Правно прашање за што е поднесено барањето | Исход |
|---|---|---|---|---|---|
| | М | ж | | | |
| Јануари | | 1 | 63 | Статусно прашање – развод | Одобрено |
| Февруари | | 1 | 33 | Статусно прашање – развод | Одобрено |
| Март | | 1 | 43 | Статусно прашање – развод | Одобрено |
| | | 1 | 34 | Привремени мерки за заштита од семејно насилство | Одобрено |
| | | 1 | 48 | Статусно прашање – развод | Одобрено |
| | | 1 | 62 | Имотно -правно прашање | Одобрено |
| Април | Нема поднесени барања за секундарна правна помош | | | | |
| Мај | | 1 | 34 | Статусно прашање - развод | Во постапка |
| Јуни | Нема поднесени барања за секундарна правна помош | | | | |
| Јули | | 1 | 34 | Промена на одлука за доделување дете и издршка | Одбиено од ПО – приговор до МП – одобрено од МП |
| | 1 | | 63 | Статусно прашање – развод | Одобрено |
| Август | | 1 | 38 | Статусно прашање – развод | Одобрено |
| | 1 | | 47 | Доделување старателство врз деца родени вонбрачно | Одобрено |
| | | 1 | 50 | Статусно прашање – развод | Во постапка |
| Септември | | 1 | 35 | Статусно прашање – развод | Одобрено |
| | 1 | | 48 | Управен спор против одбиено барање за користење право од ПИО | Одбиено |
| | 1 | | 2 г. (дете) | Определување издршка за малолетно дете | Во постапка |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Октомври | 1 | | 18 | | Утврдување татковство | | Во постапка | |
| | | 1 | 2 г. (дете) | | Определување издршка за малолетно дете | | Во постапка | |
| | | 1 | 19 | | Утврдување татковство | | Во постапка | |
| Ноември | 1 | | 34 | | Тужба против родител за издржување (заради користење право од социјална заштита) | | Во постапка | |
| | | 1 | 41 | | Промена на одлука за издршка за две малолетни деца | | Во постапка | |
| | | 1 | 39 | | Статусно прашање – развод и доделување малолетни деца за чување, воспитување и делумно издржување | | Во постапка | |
| ВКУПНО ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА | М | Ж | ВОЗРАСТ | | ПРАВНИ ПРАШАЊА | | ИСХОД | |
| | 6 | 15 | -18 | 2 | Статусни | 9 | Одобрени | 10 |
| | | | 18 -25 | 2 | Заштита на деца и СН | 9 | Одобрени по приговор | 1 |

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ПРИВАТНОСТА

## Одлука за утврдување Методологија за хармонизација на секторската легислатива

Во февруари 2022 година, Агенцијата за заштита на личните податоци донесе Одлука за утврдување „Методологија за хармонизација на секторската легислатива“, која се смета за клучна во спроведувањето на Законот за заштита на личните податоци во државниот и јавниот сектор и хармонизација на целокупната легислатива со прописите за заштита на личните податоци. Методологијата содржи насоки за постапување на министерствата во процесите за хармонизација на секторската легислатива. Понатаму, оваа одлука е значајна и за спроведувањето на законот од приватниот сектор, имајќи предвид дека секторската легислатива претставува правен основ за обработка на личните податоци од страна на приватниот сектор, и нејзиното усогласување со Законот за заштита на личните податоци ќе го олесни спроведувањето на законот и во приватниот сектор. Дополнително, тоа е од круцијално значење и за обработката на личните податоци на граѓаните на нашата земја, со тоа што методологијата утврдува спроведување процена на

влијанието на законските прописи во обработката на личните податоци, а со тоа и елиминирање на преобемната обработка на личните податоци од страна на државниот и јавниот сектор. Со други зборови, доследното спроведување на оваа одлука ќе придонесе за имплементирање на начелата за заштита на личните податоци. Загрижува тоа што методологијата сè уште не е соодветно применета при подготвувањето и носењето на законите или нивното менување и дополнување.

## Претставки на граѓаните во врска со заштитата на личните податоци

Во однос на претставките поднесени до Агенцијата за заштита на личните податоци, загрижува фактот што и во 2022 година над 83,5% сè уште се однесуваат на злоупотреба на личните податоци на социјални мрежи, од кои најголем дел се од физички лица што се однесуваат на лажни профили, пробиени лични профили, објавување туѓи фотографии, видео и аудиоснимки на туѓи профили на социјалните медиуми. Македонското здружение на млади правници во текот на 2022 година спроведуваше проект „Твојата приватност е твоја слобода“, преку кој организираше 8 работилници во 4 средни училишта за подигнување на свеста кај средношколците за заштита на нивната приватност, каде што учествуваа 179 средношколци.

## Нарушувања на безбедноста на личните податоци

Една до новините во Законот за заштита на личните податоци претставува и обврската да се извести Агенцијата за заштита на личните податоци за нарушување на безбедноста на личните податоци. Во текот на 2022 година, поднесени се вкупно 17 известувања за нарушување на безбедноста на личните податоци до Агенцијата, од кои најголем дел се од јавниот сектор. Ваквите нарушувања на безбедноста најчесто се однесуваат на хакирани веб-страници и сајбер напади со користење Ransomware и DDoS напади. Ваквите напади се зачестени и во приватниот и во јавниот сектор, но поради недоволната развиена свест за обврската, тие и не се пријавуваат во надлежниот орган. Дел од примерите за сајбер напади на веб-страници на државни органи е нападот на веб-страниците[47] на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, Агенцијата за катастар, Владата[48], Бирото за јавни набавки[49]. Експертите од оваа област

[47] Зачестените сајбер напади на државни сајтови го вклучуваат црвениот аларм (slobodnaevropa.mk)
[48] Како Бирото за јавни набавки се справи со хакираниот сајт кој копаше криптовалути IT.mk, Анти-кризни мерки: По продажба на патики преку Vlada.mk, државните сајтови сега копаат криптовалути IT.mk
[49] https://vistinomer.mk/od-veb-sajtot-na-biroto-za-javni-nabavki-se-kopaa-kriptovaluti-kolku-se-bezbedni-drzhavnite-sajtovi/

предупредуваат дека добар дел од веб-страниците на државните органи се базирани врз неажурирани верзии на програмски јазици и дека на нив се инсталирани злонамерни кодови. Ваквата состојба е алармантна и податоците што се обработуваат од ваквите веб-страници се под ризик да станат достапни за неовластени лица. За спречување на нападите е потребно подигнување на свеста и преземање соодветни технички и организациски мерки за заштита на информатичкиот систем со користење најсовремени технологии за заштита.

# ПРАВО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Уставот на нашата држава ги утврдува заштитата и унапредувањето на животната средина како една од темелните вредности на македонското општество. Обврска на државата е да создаде услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

## Управување со отпад

Регионалното управување со отпад сè уште не е целосно воспоставено, додека, пак, селектирањето на отпадот и промовирањето економски инструменти за промоција на рециклирањето, реупотребата и превенирањето на создавање отпад се ограничени.[50] Иако постои тенденција на зголемување на селекцијата на отпад, 82,7 % од собраниот отпад е измешан комунален отпад.[51] Во Северна Македонија сè уште нема основана депонија за опасен отпад.

Министерството за животна средина и просторно планирање заврши со првата фаза од активностите за депонијата „Русино“.[52] МЖСПП ја започна постапката за одземање на надлежностите на Општина Свети Николе во однос на воспоставувањето на регионалната депонија за североисточниот и источниот регион.[53] Речиси сите депонии на локално ниво за комунален отпад сè уште немаат Б-интегрирана еколошка дозвола и се предмет на опожарување.[54]

[50] Извештај за напредокот на Северна Македонија за 2022 година, Европска комисија, стр. 96, достапно на: https://neighbour-hood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report–2022_en
[51] Селекцијата лани минорно зголемена, 82,7 отсто од отпадот како мешан завршува на депонија [инфографик], Мета.мк, достапно на: https://tinyurl.com/2vbtm5ts
[52] НУРЕДИНИ: Депонијата Русино станува пример како невозможното станува возможно, Министерство за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://tinyurl.com/442tjm3m
Информација за одржување јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот „Проект за изградба на санитарна депонија за неопасен цврст комунален отпад, Русино“ во општина Гостивар, Министерство за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://tinyurl.com/4ky9d658
[53] Државата ќе ги земе ингеренциите на Општина Свети Николе за регионалната депонија, МКД.мк, достапно на: https://tinyurl.com/2bfhj598
[54] Извештај за работата на Државниот инспекторат за животна средина за периодот јануари-јуни 2022 година, Државен инспекторат за животна средина, стр. 25, достапно на: https://tinyurl.com/bdd9sta4

МЖСПП имаше зголемена законодавна активност во областа на управувањето со отпад, односно се подготви Планот за спречување на создавање на отпад на Република Северна Македонија (2022–2028),[55] изготвени беа 9 подзаконски акти што произлегуваат од Законот за управување со пакување и отпад од пакување и 9 подзаконски акти што произлегуваат од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

## Справување со контаминирани подрачја

Собранието на РСМ во 2022 година ги усвои измените на Законот за животната средина што беа предложени во декември 2020 година, со кои се овозможува системски приод при решавањето на контаминираните подрачја.[56] Подзаконските акти треба да бидат усвоени до април 2023 година.

Планот за управување со отпад на Република Северна Македонија за 2021–2031 година идентификува 7 „жешки точки" што треба да се санираат.[57] Во текот на 2022 година се расчистуваше „HCH" од малата депонија на поранешната фабрика ОХИС, целосно е завршено ископувањето од ЛОТ/ДЕЛ 2, додека се води тендерска постапка за реализација на активности за ЛОТ/ДЕЛ 3.[58] МЖСПП започна со детално истражување за загадување со HCH отпад на локацијата Пеленица-Рупа[59] и истовремено најави изработка на Стратегија за идентификација на локација контаминирана со жива и нејзина практична примена на пилот-локација во ОХИС.[60]

Со ребалансот на Буџетот на РСМ се предвидени средства за решавање на проблемот со опасниот отпад од поранешната фабрика „Југохром",[61] додека, пак, Министерството за економија најави изработка на физибилити студија и постапка за доделување концесија за чистење на арсен сулфидот од Лојане.[62] Минатата година, МЗМП напиша правно мислење во однос на опасноста по животната средина од опасниот отпад од поранешната фабрика „Југохром".[63]

Извештајот за напредокот на Северна Македонија за 2022 година не регистрира напредок на државата во поглед на процената на ризикот од штета на хемикалиите по човековото здравје и животната средина и во делот за спроведување на мерките утврдени во Извештајот за процена на подготвеноста.[64]

[55] План за спречување на создавање на отпад на Република Северна Македонија (2022–2028), достапно на: https://tinyurl.com/3wsdhhxe
[56] Закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/2022.
[57] План за управување со отпад на Република Северна Македонија за 2021–2031 година, Министерство за животна средина и просторно планирање, стр. 92–93, достапно на: https://tinyurl.com/3mh3ky97
[58] Известување на Државниот инспекторат за животна средина, достапно на: https://tinyurl.com/mvr2pu94
[59] Известување на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://tinyurl.com/a9vazfss
[60] Известување на веб-страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://tinyurl.com/bdf4vf6v
[61] Известување на веб-страницата на Министерството за финансии, достапно на: https://tinyurl.com/2p9ccczw
[62] Догодина физибилити студија и тендер за нова фирма за чистење на арсенот во Лојане, Мета.мк, достапно на: https://tinyurl.com/4bwum7dm
ДИЖС: Државата треба да обезбеди средства за решавање на арсенот во Лојане и отпадниот гипс во Згрополци, Мета.мк, достапно на: https://tinyurl.com/bdfevw7u
[63] Студија на случај: Загрозување на животната средина со излевање на шествалентен хром од поранешниот металуршки комбинат „Југохром", Македонско здружение на млади правници, достапно на: https://tinyurl.com/bdfksp8j
[64] Извештај за напредокот на Северна Македонија за 2022 година, Европска комисија, стр. 97, достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en

# Заштита на водите

Европската комисија констатира ограничен напредок во спроведувањето на законодавството. Не е забележан напредок во финализирањето на ПУРС, ниту во определувањето на еутрофичните води, а дополнително голем предизвик е подготвувањето и спроведувањето на преостанатите големи проекти.[65]

Владата ја усвои информацијата за раскинување шест договори за концесија за седум мали хидроцентрали во зоните на строга заштита и активно управување на Националниот парк „Шар Планина“,[66] што претставува спроведување на препораките на Комитетот на Бернската конвенција за престанок на хидро-проекти во заштитените подрачја што влијаат врз причините поради кои тие уживаат посебна заштита.[67] Останува отворено прашањето за малите хидроцентрали во Националниот парк Маврово, кои се дел од препораките на Комитетот на Бернската конвенција.

Државата сè уште се соочува со сериозни проблеми во однос на пречистувањето на отпадните води.[68] Европската комисија забележала дека Владата ги вклучила проектите на инфраструктура за собирање и третман на отпадни води како една од структурните мерки за реформи во Програмата за економски реформи 2022–2024.[69]

МЖСПП спроведе јавна расправа за предложените измени на Законот за водите,[70] но тие сè уште не се доставени до Собранието. МЖСПП ја презентираше дигиталната платформа за Водна книга,[71] усвоена беше Методологијата за мониторинг на водите[72] и се започнаа процесите на изготвување, односно донесување 5 нови подзаконски акти што произлегуваат од Законот за водите.[73]

[65] Ibid, стр. 96.
[66] Информација за раскинување на договорите за концесија за мали хидроцентрали, достапна на: https://www.facebook.com/MOEPPMKD/posts/419571623665821
[67] Препораки бр. 211 (2021) од 3.12.2021 година на Управувачкиот комитет за Конвенција за заштита на дивиот растителен и животински свет и природните живеалишта во Европа, достапни на: https://rm.coe.int/2021-rec-211e-north-macedonia-case-files/1680a4c288
[68] Само 15 % од земјата е покриена со пречистителни станици, МКД.мк, достапно на: https://tinyurl.com/34azn4ds
[69] Извештај за напредокот на Северна Македонија за 2022 година, Европска комисија, стр. 96, достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en
[70] Покана за јавна расправа за Нацрт-законот за водите, достапно на: https://tinyurl.com/yckumxjb
[71] Дигитална платформа за Водна книга, достапна на: https://mzspp.flexivue.org/
[72] Известување на веб-страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://tinyurl.com/ywutn2pk
[73] Известување за изработка на подзаконски акти од областа на водите, веб-страница на Министерството за животна средина и просторно планирање, достапно на: https://tinyurl.com/3jd3kw2k
Информација за изготвување подзаконски акти од областа на водите, веб-страница на Македонското здружение на млади правници, достапна на: https://myla.org.mk/2022/09/13/akcijazapravnazastitanavodite/

# Заштита од аерозагадување

Европската комисија констатира дека аерозагадувањето сè уште е проблем во Северна Македонија. Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2021 година, подготвување четири Планови за квалитетот на воздухот и пет Катастри на загадувачи на воздухот беа започнати во август и октомври 2022 година.[74] Во септември 2022 година беше одржана јавна расправа за Планот за квалитетот на воздухот во Битола.[75]

Кон крајот на 2021 година и во текот на 2022 година се поставени 3 нови мерни станици за мониторинг на квалитетот на воздухот во Прилеп, Берово и во Охрид, и беа спроведени поправки на мерните инструменти за мерење на загадувачите на веќе постојните мерни станици.[76] Во периодот јули-октомври 2022 година беше извршена санација на мерните инструменти за ПМ 10 и ПМ 2,5 честичките на мерната станица Битола 2, која подолг период беше во дефект.[77]

# Останата законодавна активност во областа на животната средина

Министерството за животна средина и просторно планирање, Владата и Собранието на РСМ во 2022 година имаа зголемена законодавна активност во поглед на заштитата на животната средина.

Во 2022 година, Собранието го усвои Законот за инспекциски надзор во животната средина, а првото читање за Предлог на законот за прогласување на Студенчишко Блато за Парк на природата треба да се одржи на 16.11.2022 година.[78]

Во 2022 година се одржаа јавни расправи за Нацрт на Законот за контрола на индустриски емисии,[79] Нацрт на Законот за прогласување на Кањон Матка за Споменик на природата,[80] Нацрт на Планот за управување со Заштитен предел „Осоговски Планини“[81] и Планот за управување за Националниот парк „Шар Планина“,[82] а на јавен увид беше ставен Нацрт на Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион.[83]

[74] Извештај за напредокот на Северна Македонија за 2022 година, Европска комисија, стр. 97, достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en
[75] Информација за одржана јавна расправа објавена на веб-страницата на Општина Битола, достапна на: https://tinyurl.com/ftsx5ckv
[76] Веб-портал за следење на Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2024 за заложбата: Пристап до информации за нивото на аерозагадување, достапно на: https://tinyurl.com/msaputef
[77] Ibid.
[78] Предлог на закон за прогласување на Студенчишко Блато за Парк на природата, Собрание на Република Северна Македонија, достапно на: https://tinyurl.com/52vajw3x
[79] Извештај од јавна расправа за Нацрт на Закон за контрола на индустриски емисии, достапен на: https://tinyurl.com/5cctxfdf
[80] Извештај од јавна расправа за Нацрт на Закон за прогласување на Кањон Матка за Споменик на природата, достапно на: https://tinyurl.com/yz68djrc
[81] Соопштение за јавна расправа за Нацрт на Планот за управување со Заштитен предел „Осоговски Планини“, достапно на: https://tinyurl.com/5n7238mj
[82] План за управување за Националниот парк „Шар Планина“ за периодот 2022-2031, достапен на: https://tinyurl.com/37z7mvne
[83] Информација за јавен увид на Нацрт на Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион, достапна на: https://tinyurl.com/trkw6y2f

Во текот на 2022 година, на јавен увид беше ставен и Предлогот на Кривичниот законик што предвидува изменување на кривичните дела од главата Кривични дела против животната средина и природата, која вклучува и ново кривично дело – Екоцид.[84]

## Недоволни институционални капацитети за заштита на животната средина

Извештајот за напредокот на Северна Македонија за 2022 година забележува слаби административни капацитети на сите нивоа со недоволно човечки и финансиски средства за спроведување на законодавството од областа на животната средина, додека, пак, инспекцискиот надзор има мало влијание.[85]

Законот за водите дефинира вкупно 20 надлежности за Секторот за води во рамките на Управата за животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање,[86] меѓутоа во Секторот се вработени само 17 службеници.

Согласно законите од областа на животната средина, Државниот инспекторат за животна средина има голем број надлежности, но во инспекторатот се вработени 21 од потребните 53 инспектори.[87] Во инспекторатот се вработени само двајца водостопански инспектори што би требало да спроведуваат инспекциски надзор за заштита на водите на целата територија на државата. Дополнително, инспекторатот се соочува со недостиг на возила и техничка опрема за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор.[88] Недостиг на инспектори за животна средина се појавува и во општините.[89]

## Судска заштита на животната средина

Во периодот 2019–2022 година, МЗМП започна повеќе судски постапки за заштита на животната средина и кривична пријава до Основното јавно обвинителство во Скопје во 2019 година. Во текот на 2022 година, со одлука на Врховниот суд правосилно заврши единствено судската постапка за утврдување повреда на права поради аерозагадувањето во Скопје, поради што МЗМП поднесе жалба пред Европскиот суд за човековите права.

[84] Предлог на Кривичен законик, достапен на: https://tinyurl.com/4xfxn94a
[85] Извештај за напредокот на Северна Македонија за 2022 година, Европска комисија, стр. 95, достапно на: https://neighbour-hood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en
[86] Закон за водите, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021, член 222.
[87] Инспекторатот за животна средина без услови за работа – Стојковски: Имаме недостиг на канцеларии, административци и возила, ТВ 21, достапно на: https://tinyurl.com/yexacx78
[88] Анализа на работењето на малите хидроцентрали, Македонско здружение на млади правници, стр. 166, достапна на: https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2022/06/MZMP-Analiza-MHE.pdf
[89] Загадување без контрола: Повеќе од половината општини немаат инспектор за животна средина, Мета.мк, достапно на: https://tinyurl.com/mr2jtpjx

### Табела 1. Преглед на примени кривични пријави, обвинети и осудени лица[90]

| | Број на лица против кои е постапувано по кривични дела против животната средина и природата | Број на обвинети лица за сторени кривични дела против животната средина и природата | Број на осудени лица за сторени кривични дела против животната средина и природата |
|---|---|---|---|
| 2017 година | 376 | 101 | 82 |
| 2018 година | 360 | 77 | 85 |
| 2019 година | 421 | 141 | 112 |
| 2020 година | 407 | 107 | 145 |
| 2021 година | 431 | 113 | 136 |

Сè уште се застапени различни статистички податоци во однос на ова прашање, во зависност од институцијата што ги прибира.

### Табела 2. Преглед на обвинети и осудени лица[91]

| | Број на обвинети лице за сторени кривични дела против животната средина и природата | Број на осудени лица за сторени кривични дела против животната средина и природата |
|---|---|---|
| 2017 година | 68 | 62 |
| 2018 година | 60 | 52 |
| 2019 година | 69 | 59 |
| 2020 година | 57 | 52 |
| 2021 година | 85 | 73 |

# ПРАВО НА ДРЖАВЈАНСТВО И ПРАВЕН ИДЕНТИТЕТ

## Бездржавјанство

Како стратешки партнер на Високиот комесар за бегалци на ОНН, МЗМП веќе 12 години им обезбедува и бесплатна правна помош на лицата без државјанство. Оваа правна помош се однесува на постапките за запишување во Матичната книга на родените, регулирањето престој и постапката за прием во македонско државјанство. Заклучно со 15 ноември 2022 година, МЗМП обезбеди бесплатна правна помош на 319 лица без државјанство.

[90] Извештаи за работа на јавните обвинителства во Република Северна Македонија, достапни на: https://jorm.gov.mk/category/dokumenti/izvestai/
[91] Извор – МАКСтат – база на податоци, Државен завод за статистика, достапна на: http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=c38f0937-c219-4c3d-bd87-6c9103dd0a23

Од нив, 39 лица без државјанство беа примени во македонско државјанство, на 16 лица им се обезбеди правна помош во постапката за регулирање престој, а за 22 лица е завршена постапката за запишување во Матичната книга на родените. 70 лица беа запишани во посебната Матична книга на родените, а 18 од нив добија и посебна исправа за идентификација.

Во текот на 2022 година, МЗМП идентификуваше 8 нови лица без државјанство. За 6 лица без државјанство се прибавени документи од нивните земји на потекло.

Во ноември 2022 година, МЗМП заедно со ЕРРЦ поднесе тужба actio popularis против Управата за водење на матичните книги за утврдување дискриминација на лицата што добија изводи од посебната Матична книга на родените, но не добија пристап до основните права, ниту, пак, за нив беше поведена постапка за упис во редовната Матична книга на родените.

МЗМП е дел и од работната група за подготовка на нов Закон за матична евиденција, со кој се предвидува да се обезбеди системско решение за проблемот со незапишаните лица во Матична книга на родените. МЗМП организираше и три обуки за вработените во Министерството за внатрешни работи, кои работат на постапките за натурализација за примена на Законот за државјанство, со посебен фокус на постапките поведени од страна на лицата без државјанство согласно последните измени и дополнувања на Законот за државјанство од 2021 година.

# Пристап на граѓаните до уставно загарантираните права со непоседување лична карта

Оваа година, Македонското здружение на млади правници утврди недоследности при примената на законските одредби од Законот за личната карта, како и на подзаконските акти[92]донесени за правилна примена на Законот за личната карта. Подзаконските акти секогаш се донесуваат врз основа на закон и во подзаконски акт не може материјата да се уреди поинаку или спротивно на закон. Покрај тоа, со подзаконските општи акти не може да се засноваат нови овластувања (права) и обврски за субјектите освен оние што веќе се уредени со закон.[93]

[93] Правилникот за образецот на барањето за издавање на личната карта, Образецот на потврдата за поднесено барање за издавање на личната карта, Образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење евиденција за издадените лични карти и Упатството за начините на спроведување на постапката за личната карта.
[94] Административно право, автори: Борче Давитковски и Ана Павлова Данева, 2018 година, стр. 37.

Попречени во можноста да поседуваат лична карта како средство за лична идентификација се јавуваат лица што вадат лична карта за првпат по полнолетството, а немаат никаков контакт со нивните родители и лицата што живеат во бесправно изградени објекти.

## Издавање лична карта за првпат по навршувањето полнолетство

Лицата што вадат лична карта за првпат по полнолетството се соочуваат со бариера за дополнителна проверка на нивниот идентитет преку поседување патна исправа или друг документ со фотографија издаден од надлежен орган, како и преку потврдување на идентитетот од страна на еден родител, а по потреба, членови на потесно семејство со кои барателот живее кога полнолетно лице нема документ со фотографија.[94] Законот за личната карта во ниту една одредба не предвидува обврска при поднесувањето на барањето за издавање лична карта да се приложи лична карта од родител, доколку лична карта се издава за првпат на полнолетно лице. Користењето на дополнителната проверка преку потврда на идентитетот од страна на родител на полнолетно лице во практиката се користи како услов (видно од веб-страницата за закажување за сликање за издавање лични документи[95] и веб-страницата на Министерството за внатрешни работи[96]), но не и по потреба, во случаи кога е потребно да се изврши дополнителна проверка на идентитетот на барателот.

## Издавање лична карта на лица што живеат во бесправно изградени објекти

Согласно утврдени услови за пријавување живеалиште, потребно е да се поднесе барање за пријавување живеалиште. Во прилог на барањето за пријавување живеалиште, потребно е да се достави документ за сопственост на недвижен имот – имотен лист или договор за закуп заверен на нотар согласно закон, а доколку живее во стан/куќа, која не е во сопственост на барателот што пријавува живеалиште, потребно е да се достави документ за сопственост на недвижноста каде што странките изразуваат намера да живеат и изјава од лицата што се сопственици на недвижноста дека ќе живеат со нив. Според Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето, намерата за место на живеење се утврдува со оперативна проверка на терен од службени лица од надлежната полициска станица.

[95] https://termin.mvr.gov.mk/ReqiuredDocuments
[96] https://mvr.gov.mk/upravni-rab/10

Во два случаи, лицата живеат на адресите што ги пријавуваат, и при теренска посета од страна на службени лица од надлежната полициска станица, би требало да бидат пронајдени на местата каде што пријавуваат дека де факто живеат, но не ги поседуваат дополнителните документи што треба да ги поднесат во прилог на барањето, а се однесуваат на сопственоста на имотот и/или на обезбеденото место за живеење.

Со вака поставената законска рамка за пријавување живеалиште, странките се соочени со неможност да извадат личен документ за кој со Законот за лична карта се должни да го поседуваат со навршени 18 години. Во прекршочните одредби на Законот за лична карта, во членот 15 е предвиден прекршок глоба во износ од 20 до 80 евра во денарска противвредност, која ќе му се изрече на физичко лице што со навршени 18 години живот не поседува лична карта.

Според Уставот[97] во РСМ, законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Оттука, донесеното Упатство за начините на спроведување на постапката за личната карта (донесено во мај 2021 година) не е во согласност со Законот за лична карта. Неусогласеноста на конкретниот подзаконски акт со Законот за лична карта го доведува во прашање исполнувањето на должноста на секој граѓанин со навршувањето полнолетство да поседува личен документ, а воедно и го ограничува правото на пристап до уставно загарантираните права што се поврзани со условот да се прикаже документ за лична идентификација.

# ПРАВО НА АЗИЛ И ИНТЕГРАЦИЈА НА БЕГАЛЦИ

## Постапка за признавање право на азил

Заклучно со октомври 2022 година, МЗМП застапуваше 76 нови баратели на азил во РСМ, и тоа, 41 маж, 11 жени и 24 деца, од кои 16 непридружувани деца. Вкупниот број баратели на азил во РСМ согласно податоците на здружението до октомври 2022 година е 141. Во овој период, Секторот за азил при МВР не додели ниту еден статус на лице под супсидијарна заштита, ниту, пак, бегалски статус за новите баратели на азил. Додека, пак, за косовските бегалци беа доделени два статуси на лице под супсидијарна заштита и еден статус на признаен бегалец. Заклучно со октомври 2022 година, УС на РСМ донел 20 пресуди, додека, пак, Вишиот управен суд донел 16 пресуди во однос

[97] Устав на република Северна Македонија, член 51.

на прашања поврзани со азилот и меѓународната заштита, каде што МЗМП бил вклучен во процесот на застапување. Во постапките пред Управниот и Вишиот управен суд постои одолжување на постапката и непочитување на предвидениот законски рок од 2 месеци, односно итно одлучување.[98] Во 2022 година побрзо се одлучувало во предметите од областа на азилот пред управните судови за новите баратели на азил, меѓутоа во случаите за бегалците од Косовската криза пред управните судови, постапките сè уште траат подолг временски период. Постапката пред УС на РСМ до донесувањето пресуда, во просек, трае 182 дена, додека, пак, постапката пред Вишиот управен суд на РСМ трае 413 дена од поднесувањето на жалбата. Заклучно со октомври 2022 година, одржани беа 18 усни расправи пред Управниот суд. По одржаните усни расправи, Управниот суд најчесто носеше негативна одлука.

## Оневозможен пристап до пазарот на труд за барателите на азил

На барателите на азил не им е овозможено остварување на правото на слободен пристап на пазарот на трудот што е предвидено со Законот за меѓународна и привремена заштита.[99] Причината за ова е непостоење законска можност за определување матичен број на барателите на азил, како еден од условите тие да бидат заведени во Агенцијата за вработување на РСМ и да имаат пристап до пазарот на трудот. Баратели на азил, за чие барање за признавање на правото на азил не е донесена одлука од страна на Секторот за азил во период од девет месеци по поднесување на барањето, имаат право на слободен пристап до пазарот на труд[100] . Заклучно со октомври 2022 година се поднесени две барања за издавање работна дозвола за вработување баратели на азил, меѓутоа едната постапка заврши со негативен исход поради проблемот со назначувањето матичен број, а за втората сè уште се чека одговор. Дополнителен проблем е тоа што барањата не беа примени преку архивата на Агенцијата за вработување на РСМ, па затоа тие беа доставени преку пошта.

[98] Согласно стариот Закон за азил и привремена заштита, судот во постапка по тужба треба да одлучи во рок од 2 месеци од поднесувањето, а согласно новиот ЗМПЗ, судот треба да одлучи итно – член 43 за редовна постапка и член 49 за итна постапка од ЗМПЗ.
[99] http://www.slvesnik.com.mk/Issues/18ac862584c948a192866b390dd7abba.pdf, стр. 37, член 61.
[100] Ibid, стр. 37, член 61, став 1, алинеја 10.

# Остварување права пред Управата за водење на матичните книги

Согласно Европската конвенција за човекови права и позитивното право во РСМ, на секој човек му се гарантира правото на брак доколку ги исполнува законските услови. Во постапката за склучување брак на лице со признаено право на азил поради супсидијарна заштита или признаен бегалец, како потребни документи што ги бара Управата за водење на матичните книги се документите од земјата на потекло: Извод од матичната книга на родени и Уверение за слободна брачна состојба. Во постапките за признавање татковство пред Управата за водење на матичните книги за децата родени во вонбрачна заедница, чии родители се лица со признаено право на азил, како потребни документи се бараат документите за родителите од нивната земја на потекло, и тоа: Извод од матичната книга на родени и Уверение за слободна брачна состојба. Не е јасно зошто овие документи се барани од страна на овие органи, бидејќи како лица под меѓународна заштита, тие не можат и не сакаат да остварат контакт со нивната земја на потекло поради опасност по нивната безбедност.

# Пречки при остварување на правото на државјанство

Во постапките за прием во државјанството на РСМ на лицата со признаено право на азил, иако е постигнат главниот услов за законски престој од 8 години за лице под супсидијарна заштита и 6 години за признаен бегалец во РСМ, како пречка во процесот на натурализација се некои од условите предвидени во Законот за државјанство.[101] Тоа се потребните документи од земјата на потекло: Уверение дека не се води кривична постапка, Уверение од криминално досие и доказ за отпуст од досегашното државјанство. Покрај овие документи, Секторот за државјанство при МВР бара и документи од матичната држава што не се предвидени со закон: Извод од матичната книга на родени и Уверение за слободна брачна состојба, ако лицето е во брак. Во однос на потребниот доказ за местото на живеење во постапката за прием во државјанство на РСМ, согласно условите предвидени во Законот за државјанство, странецот треба да „има обезбедено живеалиште“. Повеќето од лицата под супсидијарна заштита живеат во куќи под закуп што се во постапка на легализација или се предмет на оставинска постапка и сопствениците на овие куќи не поседуваат имотен

[101] precisten tekst na drzavjanstvo 2022.doc (live.com), член 7.

лист. Секторот за државјанство, по свое толкување, како доказ за обезбедено живеалиште го смета поседувањето имотен лист или договор за закуп заверен на нотар[102], иако тоа не е предвидено со Законот за државјанство.

## Регулирање престој за лица под меѓународна заштита согласно Законот за странци

Согласно Законот за странци, постојан престој ќе му се одобри на лице под меѓународна заштита, кое најмалку пет години пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувало на територијата на РСМ согласно овој статус.[103] Меѓутоа, како проблем што се јавува е тоа што како една од основите за одземање на постојаниот престој е наведен престанокот на меѓународната заштита на странецот во РСМ.[104] Со ова, странците што ќе добијат меѓународна заштита и го исполнуваат горенаведениот услов, истовремено добиваат престој врз основа на меѓународна заштита и постојан престој во државата. Сепак, прекинувањето на меѓународната заштита, според Законот за странци, претставува опасност од губење на постојаниот престој, со што овие лица би биле доведени во уште полоша состојба и губење секаков легален статус и престој во РСМ.

## Права на странци и мигранти

Кризната состојба на северната и јужната граница на РСМ беше продолжена и во 2022 година, а статусот на транзитните центри остана недефиниран осма година по ред. Ова е многу важно бидејќи на овој начин во прашање се доведува почитувањето на човековите права на лицата сместени таму. И понатаму продолжи трендот на сместување на сведоците во кривични постапки против сторителите на кривично дело Криумчарење. Сместувањето во двата центри се вршеше без утврден правилник или систем за прием на лица. Практиката на незаконски враќања (push-backs) продолжи со зголемен интензитет во текот на 2022 година.[105] Дел од мигрантите што биле пресретнати и откриени од страна на полицијата за време на акциите за спречување криумчарење мигранти биле пратени во Прифатно-транзитниот центар „Винојуг", од каде што потоа биле вратени во Грција, во отсуство на формална постапка за враќање. Согласно податоците на МЗМП, од почеток на годината до крајот на октомври, на овој начин биле вратени вкупно 21 550 мигранти. Притоа, за овие лица не била направена индивидуална проценка, ниту, пак, тие имале можност да побараат азил или, пак, да се жалат против ваквото постапување, а со тоа државата

[102] За склучување договор за закуп, кој е заверен на нотар, потребен е имотен лист за објектот што се издава под закуп.
[103] https://mvr.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20stranci%20precisten%20tekst%20(1).pdf, стр. 57, член 129, став 2.
[104] Ibid, стр. 61, член 136, став 1, алинеја 4.
[105] Field Report Q3 - 2022 (myla.org.mk)

ја повредила забраната за колективно протерување предвидена во ЕКЧП. Заклучно со октомври, МЗМП оствари вкупно 40 посети во Прифатен центар за странци и изврши правно советување во однос на постапката за азил со 7 лица. Дел од задржаните лица во овој центар беа баратели на азил, па потоа им беше донесено решение за ограничување на слободата на движење, а дел беа лица за кои веќе беше донесено решение за ограничување на слободата на движење, па потоа поднесоа барање за признавање на правото на азил. Според информациите со кои располага МЗМП, 26 лица што претходно биле задржани во Прифатниот центар за странци поднеле барање за азил и биле префрлени во Прифатниот центар за баратели на азил. Освен во Прифатниот центар за странци, задржување на лица имаше и во двата прифатно-транзитни центри. Во ПТЦ „Винојуг“, заклучно со октомври, биле задржани 688 лица како сведоци во кривичните постапки против криумчарите. Дел од овие лица беа неформално вратени во Грција по даден исказ пред надлежен суд, без да им биде доделена бесплатна правна помош и без да им биде укажано на правото на азил. Од вкупниот број на овие лица, 64 беа непридружувани деца на кои им беше назначен старател. Согласно статистиката на МЗМП, во ПТЦ „Табановце“ беа задржани 72 лица. Оваа година беше забележан еден случај на задржан непридружуван малолетник во овој центар за кој постоеја индиции дека е жртва на сексуално насилство. По извршените проверки, констатирано беше дека лицето не е жртва, меѓутоа поради возраста и заштитата на најдобрите интереси на детето, непридружуваниот малолетник беше сместен во згрижувачко семејство.

Со настанувањето на воената состојба во Украина, на почетокот на февруари 2022 година е забележан зголемен прилив на лица што пристигнуваат од оваа држава. Според ЗМПЗ, при масовен прилив на лица што непосредно доаѓаат од држава каде што се загрозени нивните животи, постои можност за доделување привремена заштита[106]. Меѓутоа, овие лица престојуваа како туристи во РСМ сè до регулирањето на нивниот статус. Најголем дел од лицата што пристигнаа од Украина го регулираа својот статус како привремен престој поради хуманитарни причини, со рок на важење од една година.[107]



[106] http://www.slvesnik.com.mk/Issues/18ac862584c948a192866b390dd7abba.pdf, стр. 41, член 82.
[107] https://mvr.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20stranci%20precisten%20tekst%20(1).pdf, стр. 52, член 120.

# Баратели на азил застапувани од МЗМП

**76 лица**

**41 мажи**

**11 жени**

**24 деца** (од кои 16 непридружувани малолетници)

Согласно стариот Закон за азил и привремена заштита, судот во постапка по тужба треба да одлучи во рок од **2 месеци** од поднесувањето, а согласно новиот ЗМПЗ, судот треба да одлучи итно – член 43 за редовна постапка и член 49 за итна постапка од ЗМПЗ.




- Просечно време на одлучување на Управен суд
- Просечно време на одлучување на Виш Управен суд

**21 550**

**Број на вратени мигранти во Грција надвор од формална постапка за враќање**



**688 лица**

**Број на задржани лица во ПТЦ „Винојуг“**

**72 лица**

**Број на задржани лица во ПТЦ „Табановце“**

# ДЕЛ 2: УСТАВЕН СУД И ЕВРОПСКИ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## УСТАВЕН СУД

Уставот на Република Северна Македонија го воспоставува Уставниот суд како орган што ги штити уставноста и законитоста. Уставниот суд ја остварува оваа своја функција преку оценување на уставноста, односно уставноста и законитоста на општите акти донесени од државни органи (закони, правилници, уредби и слично) и преку директно одлучување за заштита на слободите и правата на граѓаните.[108] Покрај можноста Уставниот суд по сопствена иницијатива да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на општ пропис, секој граѓанин може да поднесе иницијатива за оценување на уставноста и законитоста или барање за заштита на слободите и правата.

## Работа на Уставниот суд во 2022 година

Уставниот суд во 2022 година работеше во услови на недоволен број судии за ефикасно работење. Поради престанок на мандатот на дел од судиите на Уставниот суд, претседателката на Уставниот суд во октомври 2022 година го извести Претседателот на Собранието на РСМ за престанокот на мандатот на судијка на Уставниот суд и опасноста дека доколку Собранието до 7 декември 2022 година не избере нови судии, Уставниот суд нема да го има потребното мнозинство за одржување на седниците.[109] До 31 октомври 2022 година, Собранието пополни две од петте „испразнети“ места за судии на Уставниот суд.[110]

## Оценување на уставноста и законитоста на прописи

Уставниот суд е надлежен за оценување на усогласеноста на законите со Уставот на Република Северна Македонија, односно усогласеноста на другите прописи и колективните договори со законите и Уставот на Република Северна Македонија.

Во текот на 2022 година, Уставниот суд одлучувал за уставноста и законитоста на вкупно 101 закон и пропис. Во текот на 2022 година, Уставниот суд одлучувал за уставноста и законитоста на 8 прописи поврзани со КОВИД-19 (уредби со законска сила и одлуки за справување со КОВИД-19).

[108] Слободата на уверување, совеста и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната за дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.
[109] Соопштение на Уставниот суд на РСМ, достапно на: http://ustavensud.mk/?p=22791
[110] Соопштение на Уставниот суд на РСМ, достапно на: http://ustavensud.mk/?p=22863

| | Одлуки | | Решенија[111] | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Се укинува | Се поништува | Се отфрла иницијативата | Не се поведува постапка по иницијативата | Се поведува постапка по иницијативата |
| Закони | 1 | 0 | 16 | 23 | 1[112] |
| Останати прописи | 6 | 0 | 27 | 17 | 2[113] |
| Прописи поврзани со КОВИД-19 (уредби со законска сила и одлуки) | 0 | 0 | 4 | 4 | 0 |
| Вкупно според начин на постапување | 7 | 0 | 47 | 44 | 3 |
| Вкупно според тип | 7 | | 94 | | |

## Студија на случај

# Решение У. бр. 27/2020 и У. бр. 289/2020 за поведување постапка за оценување на уставноста

## А) Факти

Уставниот суд на Република Северна Македонија на 17.11.2021 година донел решение У. бр. 27/2020 и У. бр. 289/2020 со кое повел постапка за оценување на уставноста на членот 44 став 2 во делот: „најдоцна до 65-годишна возраст" од Законот за социјалната заштита и дополнително го запрел извршувањето на поединечните акти и дејствија што се преземени врз основа на оспорената одредба од Законот.

Со членот 44 од Законот за социјалната заштита се утврдуваат условите за користење на правото на надоместок заради попреченост, при што ставот 2 утврдува дека „надоместок заради попреченост може да оствари лице со навршени 26 години возраст, најдоцна до 65-годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот".

[111] Во некои решенија на Уставниот суд истовремено се донесуваат различни типови постапувања по прописите (на пример, со едно решение може да се отфрли иницијативата за оценување на уставноста на одреден дел од прописот и да не се поведе постапка за друг дел од иницијативата за оценување на уставноста на одреден дел од прописот или со едно решение може да се отфрли иницијативата за оценување на уставноста на одреден дел од прописот, но да се поведе постапка за оценување на уставноста на друг дел од прописот и слично). Иако можеби се работи за исто решение, поради различното постапување во оценувањето на уставноста на прописот или на дел од него, во статистиката се прикажува во две различни графи што соодветствуваат на начинот на постапување.
[112] Уставниот суд во 2022 година ја завршил постапката за оценување на уставноста на дел од законот за кој во 2022 година донел решение со кое повел постапка за оценување на уставноста.
[113] Уставниот суд во 2022 година со одлука ја завршил постапката за оценување на уставноста и законитоста за еден од прописите за кој во 2022 година донел решение со кое повел постапка за оценување на уставноста и законитоста.

## Б) Наоди на Уставниот суд

Уставниот суд, повикувајќи се на одредбите од Уставот на РСМ, Европската конвенција за човековите права и практиката на Европскиот суд за човековите права, Европската социјална повелба, Повелбата на основните права на Европската унија, Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за социјалната заштита, утврдил дека оспорениот дел од ставот 2 на членот 44 утврдува нелегитимно и неоправдано ограничување на пристапот до конкретното право од социјална заштита.

Уставниот суд оценил дека се настанати услови, согласно Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, до конечното одлучување да го запре извршувањето на поединечните акти или дејствија што се преземени врз основа на оспорената законска одредба.

## В) Препораки за унапредување на уставно-судската заштита

Уставниот суд основано оценил дека оспорениот дел од Законот за социјалната заштита поставува нелегитимно, неоправдано и незаконито ограничување на пристапот до правото на надоместок заради попреченост за лицата што се повозрасни од 65 години и ја согледал последицата од ваквиот услов.

Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија утврдува определени рокови за максималното времетраење на претходната постапка, но ваквите правила не се доволно конкретни и прецизни за редоследот на ставање на реферативе на седници и максималното време за одлучување по поднесена иницијатива, а особено за максималното време што може да измине од моментот на донесување решение за поведување постапка за оценување законитост, до конечното донесување одлука за уставноста на прописот.

Во конкретниот случај, решението за поведување постапка е донесено на 11 ноември 2021 година, а до ноември 2022 година не е донесена конечна одлука за уставноста на прописот.

Целта на времената мерка е запирање на спроведувањето на оспорениот пропис со цел да не настанат последици што тешко би се отстраниле, но конкретната формулација на времената мерка во решението остава простор за толкување дали таа се однесува на постапките што биле поведени до моментот на донесување на решението или таа се применува и важи за сите тековни и идни постапки во кои би требало да се примени оспорениот пропис.

Во МЗМП, во текот на 2022 година се обрати странка чиј сопруг има оштетување на видот и спаѓа во категоријата лица што може да го остварат правото на надоместок заради попреченост, но поради неговата возраст, донесено е конзилијарно мислење во кое е наведено дека поради возраста, тој не може да го оствари конкретното право, врз основа на што ЈУМЦСР донел решение со кое го одбил барањето за остварување на правото како неосновано.

Ваквиот пример, несомнено, доведува до заклучок дека би требало да се зголеми нивото на едукација на службениците во центрите за социјална работа за целта на времените мерки што ги носи Уставниот суд на РСМ и на начинот на кој би требало да се одлучува во постапките.

## Барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот

Уставниот суд на РСМ, согласно членот 110 од Уставот, ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност.

Во текот на 2022 година, Уставниот суд одлучувал по вкупно 4 барања за заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, кои биле отфрлени. Сите барања се однесуваат на забраната на дискриминација.

| Реден број | Број на решението | Донесена одлука | Линк до решението |
|---|---|---|---|
| 1 | У. бр. 141/2019 | СЕ ОТФРЛА барањето за заштита на правото на забрана на дискриминација | http://ustavensud.mk/?p=21863 |
| 2 | У. бр. 134/2021 | СЕ ОТФРЛА барањето за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забраната на дискриминација | http://ustavensud.mk/?p=22075 |
| 3 | У. бр. 142/2021 | СЕ ОТФРЛА барањето за заштита на слободите и правата што се однесуваат на слобода на уверување и забрана на дискриминација | http://ustavensud.mk/?p=22227 |
| 4 | У. бр. 14/2022 | СЕ ОТФРЛА барањето за заштита на слободите и правата што се однесуваат на забраната на дискриминација | http://ustavensud.mk/?p=22227 |

# ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Европскиот суд за човекови права има клучна улога во заштитата и унапредувањето на човековите права, а притоа има исклучителна важност во имплементацијата и почитувањето на Европската конвенција за човекови права од страна на државите потписнички. Државите потписнички се обврзуваат дека ќе им ги обезбедат основните граѓански и политички права на своите државјани и на сите лица што се под нивна надлежност. Државата, односно сите нејзини институции имаат обврска при своите постапувања да ги почитуваат одредбите од Конвенцијата, вклучително и практиката на ЕСЧП и принципите и стандардите воспоставени со неа.

Во таа насока, секое лице што смета дека се повредени правата што се загарантирани и заштитени со Конвенцијата, по исцрпувањето на сите домашни правни лекови, може да поднесе апликација (жалба) до Судот.

Во текот на 2022 година[114], од вкупно 5 апликации по кои одлучувал Судот, во 3 случаи донел пресуди утврдувајќи дека државата ги повредила човековите права и слободи на граѓаните што поднеле апликација.[115] Во овие пресуди, Судот констатирал повреда од страна на домашните институции/државата на Конвенцијата во однос на правото на правична судска постапка (членот 6) и повреда на слободата на изразување (членот 10). Врз основа на пресудите на Судот, а поради повреда на човековите права и слободи загарантирани со Конвенцијата, државата од буџетот била задолжена да плати вкупно 13 550 евра.

Судот има донесено 5 одлуки врз основа на постигнато пријателско спогодување помеѓу државата и апликантот[116] и 5 одлуки врз основа на унилатерална декларација, каде што Владата на РСМ извршила еднострано признавање повреда на Конвенцијата. Врз основа на овие одлуки, државата била задолжена да плати вкупно 100 245 евра[117]. Пријателските спогодби се однесуваат на права поврзани со сопственост, забрана за мачење, процедурални гаранции во случај на протерување странци, поврзани со правото на реална жалба.[118] Додека, пак, унилатералните декларации за права, поврзани со сопственост, правична судска постапка, почитување приватен и семеен живот.

[114] Сите податоци поврзани со пресудите и одлуките на Европскиот суд за човекови права се однесуваат на временски период од 1.1.2022 до 14.11.2022 г.
[115] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22languageisocode%22:[%22ENG%22],%22respondent%22:[%22MKD%22],%22documentcollec-tionid2%22:[%22JUDGMENTS%22],%22kpdate%22:[%222022-01-01T00:00:00.0Z%22,%222022-11-14T00:00:00.0Z%22]}
[116] Спогодбата за пријателско решавање на предметите е изјава со која Владата на РСМ се обврзува да му исплати на жалителот определен износ на парични средства или, пак, преку домашните судови и државните органи да преземе извршување определени дејствија, за сметка на што жалителот се обврзува да престане со натамошни постапувања и барања пред Судот против Република Македонија во односниот предмет, со што се постигнува конечно решавање на предметот.
[117] Исплатени се 90 300 евра врз основа на пријателски спогодби и 9 945 евра врз основа на унилатерална декларација.
[118] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECFinalJudgmentDate%22:[%222022-01-01T00:00:00.0Z%22,%222022-11-14T00:00:00.0Z%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MK-D%22],%22EXECType%22:[%22FS%22]}
[119] https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22(\%22unilateral%20declaration\%22)%22],%22sort%22:[%22kpdate%20De-scending%22],%22respondent%22:[%22MKD%22],%22kpdate%22:[%222022-01-01T00:00:00.0Z%22,%222022-11-14T00:00:00.0Z%22]}

Заклучно со јуни 2022 година, за вкупно 297 апликации (жалби) против РСМ, Судот сè уште нема донесено конечна одлука или пресуда.[120]

Во продолжение следува табела што содржи информации за 5 мериторни пресуди, која вклучува: назив на пресудите, број на апликации, датум на донесување на пресудите, за кое право што го заштитува Конвенцијата е утврдена повреда, досудениот износ за утврдената повреда и линк до пресудата. Исто така, наведено е и под каков надзор е извршувањето на пресудата од страна на Комитетот на министри и квалификацијата на предметот.

| Реден број. | Име на пресуда | Број на апликации | Датум на донесување | Право повредено од ЕКЧП | Вкупен износ на штета и трошоци на постапката | Надзор од Комитетот на министри | Квалификација на предметот | Линк до пресудата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мицковски против РСМ | Бр. 39107/18 и 39726/18 | 24.3.2022 | Нема утврдено повреда на право загарантирано со ЕСЧП | / | / | / | https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tab-view%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-216349%22]} |
| 2. | Костова и Апостолов против РСМ | Бр. 38549/16 | 5.4.2022 | Утврдена повреда на правото на слобода на изразување (член 10) | Нематеријална штета– 3000ЕУР Трошоци – 1 250ЕУР | Стандарден надзор | Водечки предмет | https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tab-view%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-216639%22]} |
| 3. | А.А и други против РСМ | Бр. 55798/16 и 4 други | 5.4.2022 | Нема утврдено повреда на право загарантирано со ЕСЧП | / | / | / | https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tab-view%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-216861%22]} |
| 4. | Костовски против РСМ | Бр. 23773/17 | 7.6.2022 | Утврдена повреда на правото на правична судска постапка (член 6 став 1) | Нематеријална штета – 3600ЕУР Трошоци – 850ЕУР | Стандарден надзор | Водечки предмет | https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tab-view%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-217559%22]} |
| 5. | Талевска и Трпчевска против РСМ | Бр. 11828/16 | 28.6.2022 | Утврдена повреда на правото на правична судска постапка (член 6 став 1) | Нематеријална штета – 3000ЕУР Трошоци – 1 850ЕУР | Стандарден надзор | Повторувачки предмет | https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22tab-view%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-218030%22]} |

Во 2022 година, Судот донесе пресуда со која се констатира повреда на правото на слобода на изразување на главен и одговорен уредник и новинар за да пренесат информации во неделен весник за висок член на владејачката партија и директор на Управата за безбедност и контраразузнавање. Судот утврдил дека исходот на граѓанската постапка за клевета против нив им го повредил правото на слобода на изразување.

Предметот е под стандарден надзор од страна на Комитетот на министри, а притоа е квалификуван како водечки предмет.

[120] https://www.echr.coe.int/Documents/CP_Republic_of_North_Macedonia_ENG.pdf

# Костова и Апостолов против Северна Македонија (бр. 38549/16)

## Околности на случајот

Апликантите, главен и одговорен уредник и новинар во неделен весник, на 3 и 4 јануари 2013 година објавиле два текста за г. С., кој во времето на случување бил висок член на тогашната владејачка партија и директор на Управата за безбедност и контраразузнавање („Управата“). Во текстовите, тие го цитирале г. И., поранешен амбасадор во Чешка на тужената држава, кој им кажал дека г. С. ја злоупотребил својата моќ преку дејствија што неповолно влијаеле врз интересите на г. И. околу лична работа во врска со наводно киднапирање на неговото малолетно дете од страна на поранешната сопруга. Во два текста бил цитиран г. И. или бил користен индиректен говор за да пренесат дека г. С. вршел значаен вербален притисок врз Претседателот на тужената држава (Ѓ. И.) и Министерот за надворешни работи (Н. П.) за да се воздржат од мешање во решавањето на личното прашање на г. И. Во вториот текст, освен што било повторено кажаното погоре, во последната реченица било наведено дека г. С. „неофицијално“ поседувал „бизнис-империја во Република Чешка“. Пред објавувањето на спорните текстови, вториот апликант неуспешно се обидел да добие одговор од г. С. така што го контактирал портпаролот на Управата.

Во граѓанската постапка за клевета покрената од страна на г. С., Основниот суд Скопје и Апелациониот суд утврдиле дека апликантите му наштетиле на угледот на г. С. со тоа што објавиле невистинити факти, кои ги опишале како „гласини“, без претходно да се обидат да ја потврдат нивната веродостојност. Судовите одлучиле дека објавените информации не му служеле на јавниот интерес и дека личниот живот на г. И. бил неосновано поврзуван со јавната функција на г. С. Првиот апликант бил задолжен да плати 5 000 евра, а вториот апликант 1 000 евра за нематеријална штета на г. С. Апликантите добиле 9 300 евра од солидарниот фонд на Здружението на новинари за да го покријат досудениот надоместок на штета и да ги надоместат трошоците на г. С. во постапката. Во истата постапка, г. И. бил задолжен да му исплати 10 570 евра на г. С. како отштета за повреда на неговиот углед. Последователно, и Уставниот суд ги потврдил овие ставови.

## Наводна повреда на членот 10 од Конвенцијата

Случајот се заснова врз наводи од апликантите во врска со членот 10 од Конвенцијата, дека исходот на граѓанската постапка за клевета против нив им го повредил правото на слобода на изразување. Според апликантите, одлуките на домашните судови против нив претставувале неоправдано вмешување во остварување на нивните права од членот 10 од Конвенцијата.

## Оцена на Судот

Судот смета дека спорните одлуки претставувале мешање во правото на слобода на изразување на апликантите. Мешањето било засновано врз Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета и имало цел да ги заштити правата и угледот на г. С., и тоа била единствената „легитимна цел“ кон која се стремеле домашните судови.

Судот констатира дека, без оглед на фактот што во текстовите главно биле дискутирани проблеми поврзани со личниот живот на г. И., тие истовремено допреле прашања од јавен интерес. Судот смета дека информацијата за наводната злоупотреба на моќ од страна на висок функционер на државата во врска со прашања од лична природа на г. И. можела да придонесе за јавна дебата.

Судот се согласува дека спорните текстови содржеле описи на факти што подлежат на докажување. Иако сите фактички наводи биле, во суштина, повикувања на „приказни“ или „гласини“, како што утврдиле домашните судови, судовите испуштиле да го земат предвид фактот што тие не произлегле од апликантите. Донекаде, апликантите само известиле за она што им го раскажал г. И., кој им пристапил и им дал свој писмен исказ за случувањата врз основа на сопственото искуство. Во текстовите, апликантите јасно ги посочиле личните изјави на г. И. (цитирајќи го или користејќи индиректен говор). Покрај тоа, во спорната постапка не било утврдено дека објавената содржина во целина не била точна или дека била измислена. Изјавата во врска со „бизнис-империјата во Република Чешка“ на г. С., која била наведена во последната реченица од вториот текст, била претставена така што било јасно посочено дека информацијата била добиена од анонимен извор. Судот смета дека изјавата не можела да ги стави читателите во заблуда во врска со вистинитоста на изјавеното од г. И., но дека таа имала цел да фрли светлина врз бизнис-врските на г. С. со Република Чешка.

Судот понатаму забележува дека вториот апликант се обидел да ја потврди приказната преку официјалниот портпарол на Управата. Дополнително, Владата на РСМ не посочи на ниту еден аспект од личниот живот на г. С., кој покажува дека сериозно му биле нарушени угледот и честа.

Што се однесува до износот досуден како надоместок на штета, Судот забележува дека такви износи, без оглед на фактот што апликантите не ги исплатиле, може да се каже дека имаат ефект на одвраќање, кој „ја обесхрабрува отворената дискусија на теми од јавно значење".

Од ова произлегува дека апликантите дејствувале со внимание што се очекува од одговорни новинари што известуваат за прашање од јавен интерес и не може да бидат критикувани што не успеале да ја утврдат вистината за спорените наводи. Следствено на тоа, постои повреда на членот 10 од Конвенцијата.

### Одлука на судот

Судот утврдил дека има повреда на членот 10 од Конвенцијата, односно повреда на правото на слобода на изразување. Досудена е нематеријална штета во износ од 3 000 евра и 1 250 евра како надоместок за трошоци.

# ИЗВРШУВАЊЕ ПРЕСУДИ И ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Практиката на Судот овозможува Конвенцијата да биде моќен жив инструмент за ефикасно соочување со нови предизвици и унапредување на човековите права. Откако Судот ќе констатира повреда на правата загарантирани со Конвенцијата, државата, т. е. институциите што ја направиле повредата имаат обврска за извршување на пресудите од Судот.

Конечните пресуди на Судот му се доставуваат на Комитетот на министри, кој го надгледува нивното извршување во државата, меѓутоа, исто така, Комитетот го надгледува и извршувањето на одлуките од Судот донесени врз основа на пријателско спогодување помеѓу државата и апликантот. Комитетот не го следи извршувањето на одлуките донесени врз основа на унилатералните декларации со кои се признаваат повредите на Конвенцијата, меѓутоа доколку државата не ги реализира нејзините преземени обврски, апликантот има право

да побара предметот да биде вратен на листата на предмети пред Судот.

Вкупно 37 пресуди и 5 одлуки се во тек на извршување и с уште се под надзор на Комитетот на министри.[121] Комитетот го врши надзорот под зајакната или стандардна процедура. Од вкупниот број пресуди и одлуки, 11 се под зајакнат надзор и 31 е под стандарден надзор.[122] Пресудите од Судот имаат квалификација на водечки и повторувачки предмети. Од вкупниот број пресуди, 15 се водечки предмети[123] и 22 се повторувачки предмети[124].

Следењето на извршувањето на пресудите пред Комитетот на министри се спроведува преку доставување акциски планови и извештаи од страна на Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП. Во текот на 2022 година, државата има доставено 2 акциски планови и 5 акциски извештаи до Комитетот на министри, во кои се предвидени индивидуалните и општите мерки што државата ги презела или планира да ги преземе со цел отстранување на настанатата повреда, како и спречување настанување исти или слични повреди во иднина.

| Предмет | Датум на доставени акциски планови/извештаи до Комитетот на министри во 2021 година |
|---|---|
| Транскоп АД Битола | Акциски извештај – 25.2.2022[125] |
| Бајиќ | Акциски план – 1.3.2022 [126] |
| Х | Акциски план – 1.3.2022 [127] |
| Стоименовиќ и Милошевиќ | Акциски извештај – 12.4.2022 [128] |
| Православна Охридска Архиепископија | Акциски план – 25.3.2022[129] |
| Костова и Апостолов | Акциски извештај – 30.9.2022[130] |
| Х | Акциски план – 11.10.2022 [131] |
| Х | Акциски план – 21.10.2022 [132] |
| Стрезовски | Акциски извештај – 21.10.2022 [133] |
| Адиловска | Акциски извештај 2.11.2022 [134] |

Комитетот на министри има донесено 2 финални резолуции со кои го затвора надзорот над извршувањето на предметите, ценејќи дека се преземени сите индивидуални и општи мерки што се потребни за отстранување на повредата и спречување идни слични повреди.[135]

[121] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECIsClosed%22:[%22False%22]}
[122] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECIsClosed%22:[%22False%22]}
[123] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECIsClosed%22:[%22False%22],%22EXECType%22:[%22L%22]}
[124] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22CEC%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECIsClosed%22:[%22False%22],%22EXECType%22:[%22R%22]}
[125] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22tabview%22:[%22document%22],%22EXECIdentifier%22:[%22DH-DD(2022)227E%22]}
[126] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22tabview%22:[%22document%22],%22EXECIdentifier%22:[%22DH-DD(2022)258E%22]}
[127] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22tabview%22:[%22document%22],%22EXECIdentifier%22:[%22DH-DD(2022)259E%22]}
[128] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22tabview%22:[%22document%22],%22EXECIdentifier%22:[%22DH-DD(2022)416E%22]}
[129] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22tabview%22:[%22document%22],%22EXECIdentifier%22:[%22DH-DD(2022)354E%22]}
[130] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22tabview%22:[%22document%22],%22EXECIdentifier%22:[%22DH-DD(2022)1032E%22]}
[131] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22tabview%22:[%22document%22],%22EXECIdentifier%22:[%22DH-DD(2022)1064E%22]}
[132] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22tabview%22:[%22document%22],%22EXECIdentifier%22:[%22DH-DD(2022)1127E%22]}
[133] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22tabview%22:[%22document%22],%22EXECIdentifier%22:[%22DH-DD(2022)1125E%22]}
[134] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22tabview%22:[%22document%22],%22EXECIdentifier%22:[%22DH-DD(2022)1147E%22]}
[135] https://hudoc.exec.coe.int/ENG#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22acp%22,%22acr%22],%22EXECFinalResolutionDate%22:[%222022-01-01T00:00:00.0Z%22,%222022-11-14T00:00:00.0Z%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22]}



МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ

МЗМП